СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 21 јули 1993 година

Скопје, јули 1993 година

**65-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 21.VII.1993 ГОДИНА**

Дискутанти: Дневен ред на стр. 19


1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 13, 14, 16, 18...
2. АЛИУ ЕШРЕФ - 54, 57
3. АБДИ ФАИК - 95, 99
4. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 35, 36, 3
5. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 23
6. ГОШЕВ ПЕТАР - 60, 74
7. ДИМИТРОВА РАТКА - 13, 14, 15, 28, 29, 31
8. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 42, 45, 64
9. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 80, 82
10. ЛИЛОВСКИ КОЛЕ - 88, 91
11. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 19
12. НАУМОВСКИ СЛАВЕ - 26
13. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 75 (води седница)
14. ПЕТРОВ ТОДОР - 5, 11
15. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 75
16. РАХИМИ ШУКРИ - 33
17. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 16
18. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 4, 46, 49
19. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 21, 22
20. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 2 (Премиер)
21. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 59


- седницата продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јули 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам службите да ги повикаат сите пратеници да дојдат во салата и да си седнат на местата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници. (66)

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 65-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Димитар Поповски, Симеон Наумовски и Благоја Чкатроски, ме известија дека од оправени причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Група пратеници доставија предлог Владата на Република Македонија да изготви Информација во врска со состојбите околу одржувањето на Првото генерално Собрание на Светскиот македонски

конгрес, свикан за 7 и 8 август 1993 година и седницата на Извршниот одбор на Светскиот македонски конгрес, свикана за 20-22 август 1993 година и истата да биде ставена на дневен ред на наредната седница на Собранието.

Со оглед на тоа што Владата ја достави бараната информација, ја свикав Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за комуналните такси.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и недложната потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор претседателот на Владата, господинот Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Многу кратко, иако требаше некој друг да биде тука да ја образложи итноста, меѓутоа, се работи за Законот за комуналните такси кој со оглед на висината на комуналните такси и веќе отпочната туристичка сезона, предлагаме да се разгледуваат овие измени по итна постапка а не да се оди по некоја регуларна постапка, бидејќи веќе туристичка сезона е поодмакната и доколку се пролонгира рокот ќе се изгубат ефектите, всушност сме во самиот шпиц на туристичката сезона и тоа е причината за што предлагаме да оди по итна постапка овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака.(64 пратеници9.

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата. Со оглед на карактерот и значењето на прашањата што се предлагаат да се разгледуваат на седницата, предлагам да не се дополнува дневниот ред на оваа седница.

Исто така, предлагам на оваа седница да не се поставуваат пратенички прашања.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

(Пратеникот Стоиле Стојков бара процедурално прашање)

Почекајте да се договориме, кога ќе дојде дневниот ред тогаш. Сега не го ставам дневниот ред на гласање, туку само овие работи Кој е за предлогот молам да крене рака? (57).

Дали е некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање. (4)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Дали вашата интервенција е во врска со дневниот ред.

Ве молам, прво да го ставам на расправа. За седницата го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за изменување на Законот за комунални

такси,

2.Информација во врска со состојбите со одржувањето на Првото генерално собрание на Светскиот македонски конгрес, свикан за 7 и 8 август 1993 година и седницата на Извршниот одбор на Светскиот македонски конгрес, свикана за 20-22 август 1993 година.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Стоиле Стојков.

I/4

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, пратеничката група на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство цени дека денеска на оваа Шеесет и петта седница на Собранието на Република Македонија треба, како точка на дневен ред, да влезе расправа околу приемот на Република Македонија во ЌЕБС- односно нејзиниот неприем. Со оглед на фактот дека во рок од неполни два месеци приемот на нашата држава во ЌЕБС е блокирано од страна на Република Албанија, цениме дека Собранието на Република Македонија треба да расправа и да биде запознаено со изворни информации од страна на Владата за причините на овој несупех.

За оваа цел пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на 1 јули 199 3 година има поднесено Иницијатива потпишана од координаторот господинот Томислав Стефковски, за жал, околу оваа иницијатива иако ние како пратеничка група баравме да се расправа за ова согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагавме да се расправа во рок покус од 15 дена. Меѓутоа, бидејќи од 1 јули 1993 година до денешен ден има поминато 15 дена, а немаме добиено никаков одговор на оваа наша иницијатива, предлагам, ценејќи ги и претходните две точки дека исто така се од итен карактер, меѓутоа, мислам дека ова Собрание треба да расправа и по однос на оваа наша новопредложена точка сега што ја предлагам Собранието да ја уврсти на дневен ред од причини што на сета македонска јавност и се познати причините за учество на одредени пратеници во туѓи парламентарни групи на состанокот на ЌЕБС, а тие пратеници се членови на коалициониот партнер на Владата на Република Македонија и затоа ме зачудува зошто Владата не изготви изворни информации за причините на нашиот несупех односно непримањето на Република Македонија во структурите на ЌЕБС.

Ве молам, овој предлог од пратеничката група на ВМРО- ДПМНЕ, потпишан од координаторот на групата господинот Стефковски, е упатен до Владата и во оној момент кога ќе добиеме информација по тоа прашање се разбира ние ќе го ставиме на дневен ред, инаку не ќе имаме за што да расправаме. Затоа не е ставено сега на дневен ред.

Ги молам пратениците да го прифатат ова објаснение, бидејќи веќе Собранието одлучи да не се дополнува дневниот ред кој јас овде го изнесов како е формиран, јас би ве молел да продолжиме со работа.

Господинот Петров имаше една интервенција.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Дами и господа пратеници, користејќи го деловничкото право барам Парламентот поднесената информација, иако непотполна и со невистини и неосновани квалификации само да ја прими на знаење и да не ја усвои како точка на дневен ред за денешната седница од следните причини.

Прво, право е на пратениците да бидат информирани за состојбите во сите области на општествениот живот и обврска е на Владата тоа да го врши навремено и редовно. Меѓутоа, секој, па и овој

Парламент и Влада^а должни се да го почитуваат Уставот и законите  што е во согласност со членот 51, став ј од уставот на Македонија, а надлежностите на Собранието се дефинирани сосема децидно во членот 68 од Уставот на Републиката.

Второ, основните слободи и права на човекот и граѓанинот се уредени во глава II од Уставот од членот 9 до членот 61 и притоа според членот 9 став 2, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви, според

членот 16, став 1 се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, ставот 2 од истиот член се гарантира слободата на говорот, јавниот настап и јавното информирање.

Според членот 20 од Уставот, став 1 цитирам "на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски и социјални и културни и други права и уверувања".

Ставот 2 од истиот член 20 "граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат."

Ставот 3 од членот 20 "програмите и дејствувањата на здруженијата на граѓаните и политичките партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување или повикување воена агресија или загрозување на националната, расна или верска омраза и нетрпеливост".

Според членот 54 од Уставот став 2 "слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени само за време на воена или вонредна состојба според одредбите од Уставот".

Во ставот 4 според истиот член 54 цитирам "ограничување на слободите и правата не може да се однесува на слободата на уверувањето, совеста, мислата јавното изразување на мислата и вероисповеста

Според членот 106 од Уставот,"Јавното обвинителство е единствен и самостоен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други, со закон, утврдени казни и дела и врши други работи утврдени со закон, а според членот 110 Уставниот суд на Република Македонија во ставот 1, алинеја 3 ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се

однесуваат на слободата на уверувањето совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Во истиот член од надлежностите на Уставниот суд во алинеја 7 е утврдено дека Уставниот суд одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните.

Ако е така, а така е, затоа што тоа се цитати од формулации од Уставот, се поставува прашањето која е смислата и уставноста Собранието да расправа за донесувањето на едно легално и легитимно регистрирано здружение на граѓани заведено под името "Светски македонски конгрес" и тоа за работни верзии на документи кои допрва ќе бидат донесени, можеби изменети, дополнети или симнати од дневен ред на Првото генерално собрание на Светскиот македонски конгрес. Ако е сторено кривично дело казниво по закон за тоа треба да реагира Јавното обвинителство на Републиката а оценка за уставноста на програмата на тоа или било кое друго здружение и политичка партија може единствено да донесува само Уставниот суд на Македонија. Недозволиво и непримерно е Собранието да се втурне во расправа на нешто што нема никакви уставни овластувања и надлежности.

Трето, очигледно поставувањето на дневен ред ќе покаже дека во Македонија се повторува едноумието и државниот тероризам насочени против плурализмот и различните мислења, како и против основните човекови и граѓански слободи и права, правото на говор, јавно изразување на мислата, уверувањето и личното убедување, претворајќи го парламентот во седница на поранешниот Централен комитет на

Сојузот на комунистите на Македонија каде можеше да се расправа за се и сешто и да се уредува апсолутната вистина за се и секого. Било кои партии на власт лично сметам дека немаат право да ги уредуваат и ограничуваат јавното мислење и човековите и граѓанските права и слободи уредени и утврдени во Уставот на Република Македонија*

Различното мислење, па и за прашања уредени со Уставот не значат антиуставност или противуставност, во спротивност нема демократија уште повеќе што никаде нема елементи за насилно уривање на уставниот поредок како што актуелната влада би го конструирала според тоа како што самата ги толкува работите од работните верзии за Првото генерално собрание на Здружението светски македонски конгрес а не како што се напишани ниту пак со различното мислење јавно искажа- но некој може да укаже дека се работи за противуставна работа.

Четврто, оваа седница би претставувала удар за демократските процеси, доколку биде прифатена оваа точка на дневен ред, тоа е лично мое мислење и вовед во реставрација на едноумието, преседан кој би отворил врата на една противуставна работа. Оној кој е на власт да го злоупотребува парламентот за сатанизирање на поединци или асоцијации, здруженија на граѓани, политички партии кои не партиципираат во Парламентот, а со различно мислење што е основна и темел- на вредност на парламентарната демократија и на Уставот.

Петто, не верувам дека утре Партијата за демократски просперитет, ПЦЕР, Лигата на Власите, Демократската партија на Србите, Здружението на Египќаните би прифатиле во овој Парламент на ист начин да се расправа и отвора расправа како припадниците на овие групи и народи се организирани во странство или да им се дава оценка за нивните програми, определби, знаејќи дека и тие се организирани на

етничка основа и на меѓународно светско ниво. Каде не води сето тоа?

Шесто, невладината организација Светски македонски конгрес упати, само за кратка информација заради тоа што до сега таква можност немавме од страна на претседателот на Собранието, упати декларација за членството на Република Македонија во ООН на 10 март 1993 година по деловоден број 1345/1, меѓутоа таа информација односно декларација воопшто не беше циркулирана до пратениците на Парламентот заради чисто запознавање. Да е некоја телеграма од некоја селска задруга или месна заедница, веднаш ќе се најдат на дневен ред ако некому одговара, чисто информативно за сите пратеници.

На 14 април 1993 година по деловоден број 1510 Светскиот македонски конгрес реагираше по излагањето на пратеникот Наум Симјановски на третото продолжение на 58-та седница на Собранието на Македонија од 3 април 199 3 година и поднесе Информација за активности- те на единствено и легитимно регистрираниот Светски македонски конгрес во Македонија. Впрочем дури на 30 јуни 1993 година, меѓутоа, оваа информација пред пратениците повторно не се најде. Причините заради тоа ги знаат само претседателот и потпретседателите на Собранието. Впрочем за искажаните квалификации на оваа седница по однос на таа реакција и во информацијата на таканаречениот, кој е предмет на третирање во оваа Информација од Владата Управен одбор на Светскиот македонски конгрес, сосема децидно е кажал во писмото од 15 јули оваа година дека господинот Битоф даде оставка како претседател на Конгресот во декември 1992 година и според тоа нема никаква извршна или раководна улога во организацијата и единствено само остана "помошник и организатор".

I/10

Сакам да ги информирам пратениците на ова собрание, уште еднаш дека на 6 април 1991 година беше доставен статутот и декларацијата за свикување на Светскиот македонски конгрес. Меѓутоа, тие акти до пратениците не беа циркулирани. На 13-тата седница одржа на на 9 мај 1991 година на реагирањето на пратеникот Тодор Петров, зошто овие акти не се циркулирани до пратениците заради нивно запознавање и информирање, претседателот на Собранието одговори со следното цитирам:

II/1/пј/см

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (Продолжение).

"Ве молам, господинот Петров ни праќа нам акти, кои не се акти на Собранието и на Македонската држава. Статут на здруженијата за светски македонски конгрес. Тој е во тоа здружение и тоа е во ред, но во која постапка да го дадам јас тој статут. Сите имаат такви статути. Потоа, имаме декларација за светски македонски конгрес. Ние не знаеме како да постапиме. Тоа не се наши акти, тоа се акти на некое здружение и здружението може да постои како што сака."

И покрај укажувањата на пратеникот Тодор Петров зошто овие акти не се циркулирани до пратениците, претседателот на Собранието многу елегантно го отфрли нивното дистрибуирање со следниот, пред малку, кажан цитат. Од каде сега, се поставува прашањето, апетитите на Владата на Претседателството, па и на група пратеници за тие исти акти да се отвора расправа во овој Парламент.

Седум, колку делегации господинот претседател на Собранието Андов примил и пратил досега во името на Собранието, на колку места бил канет како претседател и присуствувал и дали макар и еднаш ја испратил таквата покана до пратениците, ова Собрание да даде дозвола дали претседателот да присуствува на тие поканети состаноци или не. Меѓутоа, во материјалите што се доставени до пратениците за оваа седница како расправа, се нуди и поканата, евентуално за да претседателот добие или не добие одобрение дали да присуствува на генералното собрание на Светскиот македонски конгрес. Кога минатата година на 13, 14 и 15-ти август во Домот на Армијата присуствуваше претседателот Андов на седница на Генералното Собрание т.н. тогаш сигурно не му требаше консултации и одобрение од овој Парламент.

II/2

Осум, средствата за јавно информирање како и некои партии и личности имаа можност во времето кое следеше до оваа седница да се изнаплукаат колку што сакаат на личноста на Тодор Петров, што зборува за хипокризијата на власта и нејзиното побрзо паѓање. Меѓутоа, ако е целта и на оваа расправа која се стреми да се отвори е преку Светскиот македонски конгрес па се плука личноста на пратеникот Тодор Петров како политичка пресметка во стилот на поранешните седници на ЦК СКМ има други можности, други времиња и други поводи, расправи по закони и амандмани на кои пратеникот Тодор Петров 1се си го каже своето мислење и еве прилика тогаш да се напаѓа, а не да се злоупотребува Светскиот македонски конгрес. Затоа,лично сметам дека ваквиот начин е сосема неприфатлив.

Девет, на 15 јули оваа година се сретнав со претседателот на Републиката, разговарајќи за состојбите околу Светскиот македонски конгрес. Побарав лично од него да влијае во Парламентот да се симне од дневен ред точката која се предлага, заради тоа што сметам дека Парламентот нема овластување по устав да расправа за работни верзии, што е прашање дали и по каква форма ќе бидат усвоени на едно здружение на граѓани. Меѓутоа, очигледно тоа не се случи. Затоа, сметам дека има работи кои не мора да се кажуваат јавно, меѓутоа, ако Собранието одлучи да се отвори расправа, ќе го искористам моето право во текот на седницата тие свои видувања како пратеник и да ги искажам А, Владата должи одговор на крајот пред овој Парламент, која е целта на предлогот да се расправа по оваа точка, плус што содржина не соодветствува со насловот на информацијата. Се даваат материјали од една легитимно регистрирана асоцијација, констатира Владата дека другата асоцијација не е ни регистрирана, а воопшто од истата немаме никаков документ. А во насловот на материјалот се оквалификува како

седница на некаков си извршен одбор на Светски македонски конгрес.

Благодарам на вниманието и барам Собранието да се изјасни по Предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Должен сум да дадам неколку напомени. Обраќањето до претседателот на Собранието, за кое и пратеникот Тодор Петров овде ги спомна, се потпишани од него како претседател на Светскиот македонски конгрес. Такви обраќања, јас, се разбира, никогаш не циркулирам не испраќам, оти разни здруженија и други се обраќаат со разни свои политички погледи и мислам дека тие можат да си го чинат со обраќање до партиите. Доколку пратеникот Тодор Петров се обратеше како пратеник со предлог да расправаме за тие документи и да ги информирам граѓаните односно пратениците, сигурно дека ќе ги информирам. Тоа е општиот наш однос за она што го добиваме овде.

Мислам дека во излагањето господинот Петров даде еден предлог, да не се стави на дневен ред сега оваа точка.

Го давам на изјаснување на Собранието неговиот предлог.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

29 пратеници гласаа за.

Констатирам дека тој предлог не е усвоен.

За седницата го предлагам следниот дневен ред.

Во меѓувреме за збор се јави госпоѓа Димитрова. Таа бара процедурална интервенција.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, сакам пред вас да го искажам своето длабоко жалење што нашиот претседател...

Ќе го искажите вие, ве молам.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

По дневниот ред. Зборам по дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате предлог за измена и дополна?

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предложете ве молам, што предлагате.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Сакам да го образложам мојот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дајте го предлогот и и ќе го образложите. Инаку, можете да одржите говор, кој воопшто не спаѓа сега во оваа седница, а да немате никаков предлог. Тие се ситни лукавства и ве молам немојте да се служите со сота. Кажете го предлогот и образложете го. Како што направи и господинот Петров на почетокот.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Значи ли тоа господине претседателе дека ми го ускратувате правото да го образложам моето гледање на оваа седница и да го дадам мојот предлог?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, ако го дадете предлогот, ќе го образложите. Ако имате предлог, ќе го образложите. Дали имате предлог?

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Да, имам предлог да се повлече оваа точка од дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да не се уврсти во дневен ред, така?

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

И сакам да го образложам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете. Само ве молам, за тоа гласавме ние. Тој предлог е решен.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Не сме гласале.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласавме, 29 пратеници гласаа за.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Мојот предлог е да се повлече оваа точка од дневниот ред и сакам да го образложам. Мојот предлог се разликува од предлогот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, тој предлог беше на дневен ред на изјаснување. Тој предлог точно да не се уврсти во дневниот ред јас го ставив на гласање. Дали разбирате?

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Јас имам право да го дадам мојот предлог...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, немате право сега да барате повторно да гласа Собранието. Не можете да барате повторно да гласа Собранието. Немате право да барате повторно...

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Имам право да дадам мој предлог за тоа како да се постапи денес на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, тоа е друго, кога ќе дојдеме на расправа по тоа, тогаш ќе дадете предлог како да постапиме.

**АТКА ДИМИТРОВА:**

Многу жалам за ваквото....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, и јас жалам и Ве молам сега напуштете ја говорницата.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

За ваквото недемократско однесување од страна на нашиот претседател кој требало да биде спикер на овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Напуштете ја говорницата. Напуштете ја говорницата ве молам сега. По тоа се изјаснивме. Кога ќе дојде точката на дневен ред, вие ќе си кажете се што имате. Ве молам, напуштете ја говорницата госпоѓо Димитрова. Госпоѓо Димитрова напуштете ја говорницата, не можете да зборувате сега од говорницата. Ве молам, напуштете ја говорницата госпоѓа Димитрова,

Ја прекинувам седницата, 10 минути пауза за да ја одоброволиме госпоѓа Димитрова да се повлече и да постапи во склад со Деловникот.

(По паузата).

Молам, повикајте ги сите пратеници да влезат во салата.

Да продолжиме со работа.

Господинот Стефковски, повторно.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Господине претседател, почитувани пратеници, мислам дека заменикот координатор на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ господинот Стоиле Стојков даде еден предлог. Предлогот се однесува за дополнување на дневниот ред со точка за приемот односно неприемот

на Република Македонија во ЌЕБС. Сакам само да потсетам следното. Мислам дека овој Парламент треба да ја напушти практиката амблок да се гласа да не се дополнува дневниот ред. Конкретно, по секој предлог за дополнување на дневниот ред што е поднесен од пратениците да се гласа. Не може одеднаш да се отфрлува било каков предлог за дополнување на дневниот ред, бидејќи со тоа фактички се губи смислата, односно во дадениот случај се овозможува на Владата да се прикрие фактички однесувањето на Владата. Еве само зошто ова го велам. Ако се погледа денот на поднесувањето конкретно сега да речеме нашиот предлог за расправа и итна седница, кој поднесен во истиот ден кога и барањето за расправа и точка на дневен ред по информацијата по светските македонски конгреси, со еден час порано од предлогот кој што денеска се предлага за една единствена точка на дневниот ред, јасно зборува за односот на Владата према предлозите кои што овој Парламент ги доставува до Владата на мислење во однос на ставањето на точки на дневен ред. Да бидам прецизен. Владата во овој случај точно го запазува рокот од 15 дена да одговори на Собранието и точката да се стави на дневен ред. Еве да видите. До Владата е на 2.07, Владата расправа на 8, а на 14 дава информација до Парламентот. Значи, рокот го спазува од 15 дена. А ние, исто така, баравме во рок од 15 дена да се подготви мислење од Владата и да се одговори. Не е ова интерпелација, па да се чека 30 дена. Во случајот имаме грубо рушење на Деловникот од страна на Владала и во случајот, јас и за тоа излегов дека претседателот Андов треба да интервенира кај Владата кога се наближува или истекува рокот кога Владата е должна да даде одговор по она што се бара од неа. Во случајов, мислам дека Владата сепак прави една грешка што не ја става на дневен ред и не дава мислење да се овозможи на Парламентот да расправа по точката за приемот во ЌЕБС, а

пред тоа сакам да кажам дека пратеничката група поднесе барање за расправа и точка на дневен ред за прием на Република Македонија во НАТО. Значи, Владата нема аршин што е државен интерес во случајов, па оттука смета дека е за државата поактуелно да расправаме за иницијативи за светски македонски конгрес, од колку она што е државен интерес и она што е интерес за Република Македонија во целост.

Оттука, сметам дека треба претседателот на Собранието да го стави на дневен ред, мислам да предложи со гласање да се утврди предлогот за проширување на дневниот ред од страна на пратеникот Стоиле Стојков и во тоа би се запазил Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас се извинувам, меѓутоа, морам да појаснам. Точно е тоа што се однесува до датумите за што збореше господин Стефковски. Меѓутоа, секој проблем кој се упатува до Владата да се бара, нема еднаква тежина, т.е. не е еднакво расположив материјалот што треба да го обработи. И, за некои успева порано, за некои подоцна да даде информации. Заради тоа што некои извори на информации се тука, некои извори се недостапни и треба да се проверат. Јас ве молам, сфатете не можам да ставам на дневен ред точка за која кога предлагачот бара да се стави, бара и информација од Владата. Немаме информации од Владата, нема материјал. А од друга страна предлагачот може да се јави како сам предлагач на материјалот. Ако има сам материјал ќе го даде и ќе ставам на дневен ред. Меѓутоа, навистина деловнички е неизводливо денес да расправаме и за таа точка, иако таа е важна и интересна точка, но немаме ние за тоа материјал.

Одиме понатаму.

За седницата го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за изменување на Законот за комунални

2. Информација во врска со состојбите околу одржувањето на Првото генерално собрание на Светскиот македонски конгрес свикан за 7 и 8 август 1993 година и седницата на Извршниот одбор на светскиот македонски конгрес,свикана за 20 и 22 август 1993 година.

Кој е за, предложениот дневен ред, молам нека крене рака.

Ве молам, што е работата?

Господин Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници, овдека се поставуваат прашања сосема неважни, а ако споредиме со прашањето настанот во РЕК, не се постави да дискутира Владата а Владата дискутира за ова.

Предлагам да влезе на оваа или наредна седница точка за настаните во РЕК Битола. А не за ова што досега го расправаме. Ние правиме, село гори, баба се чешла, расправаме за непотребни работи, рок определуваме на ова или она, а таму не гледаме како работат. Некни цел народ таму гори, а овие на седенки во Охрид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Мицевски го упатувам да направи предлог да бара од претседателот да побара од Владата информација за РЕК и на тој начин ќе добиеме информација и за тоа можеме да расправаме на некоја»од наредните седници.

Молам, предлогот на дневниот ред ви го прочитав.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

56 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (14).

Дали некој се воздржува од гласање? (9).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на **точка 1** - Предлог на закон за изменување на Законот за комунални такси.

Предлогот на законот и Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет, ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**СТОЈАН АНДОВ**

Минуваме на **<u>точката 1</u>** - <u>Предлог на закон за изменување на Законот за комунални такси.</u>

Предлогот на законот и извештаите на ЗПК и на Комисијата за финансирање и буџет Ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 1 и амандман на член 2 по кои не се произнела Владата на РМ.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го прифаќа. Тоа значи амандманот е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифати овој амандман на Комисијата за финансирање и буџет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, текстот и на овој амандман станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот. Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(79 пратеника)

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за комуналните такси.

Минуваме на **точка 2** - Информација во врска со состојбите околу одржувањето на Првото генерално собрание на Светскиот македонски конгрес свикан за 7 и 8 август 199 3 година и седницата на Извршниот одбор на Светскиот македонски конгрес, свикана од 20-22 август 1993 година.

Информацијата и  материјалот за Првото генерално собрание на Светскиот македонски конгрес, Ви се доставени. Отворам претрес.

Има збор господинот Гештаковски.

III/3

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претреседателе, почитувани пратеници, јас сум еден од потписниците од пратениците кои бараа од Владата да изготви Информација во врска со состојбите околу одржувањето на Првото генерално собрание на Светскиот македонски конгрес и Седницата на Извршниот одбор на Светскиот македонски конгрес. И овде беше поставено прашањето и јас си го поставував кои се причините за мене за да се постави. Единствена и можна причина за овој највисок претставнички законодавен орган да расправа за тоа прашање е пред се грижата за иселеништвото. За тоа многу важно и суптилно прашање кое овде беше истакнато дека не претставува државен интерес. За мене и сите и за сите граѓани на Македонија грижата за иселеништвото претставува еден од повисоките идеали и пред се државен интерес. Оттука, тргнувајќи од тие причини, а не гледајќи никаква формално - правна пречка, пред се наоѓајќи во Собранието како претставнички орган на граѓаните, претставуван од пратениците не постои формално - правна пречка да расправа за организираноста, поставеноста и за делувањето на одредени конгреси кои се во интерес на иселеништвото.

Навистина е многу тешко да се зборува сега и во вакви прилики за она што значи однос на Република Македонија, на нашето општество и држава кон нашите иселеници, кон она што се нарекува дијаспора дојдовме во ситуација кога мораме отворено да разговараме и тоа колку за нас самите и нашата позиција кон иселениците, толку и заради нив самите и нивниот однос кон родниот крај. Дали доаѓаме во ситуација кога сме со дилемата да ги градиме правите односи со нашите иселеници, или ќе дозволиме тие да се расипат до степен кој некои членови на овој Парламент не го увидуваат во желбата за стекнување некое или некаква политичка позиција.

III/4

(уфрлување на пратеникот Флоровски)

Молам, да молчиш, кога зборуваш ти јас молчам.

Неминовна е оваа прилика да се искористи од оваа расправа да произлезе став, стратегија, почетна позиција и одредување на она што значи однос кон иселеништвото. Треба да се каже дека е жално што нашата дијаспора, нашите луѓе во потрага по подобар живот биле присилени да ги напуштат своите родни огништа. Треба секогаш да водиме сметка за илјадниците трагедии на разделувањето, напуштениот живот, навиките и обичаите. Морам да Ви кажам дека тоа јас го знам затоа што доаѓам од едно подрачје каде иселувањето било и сеуште е интензивно. Нашите луѓе во странство, преку океаните, имаат потреба од Македонија. Ја имаат и заради себе и заради нас. Ја имаат за да го потврдат својот идентитет во земјите кои како системи спрема дојденците од другите земји биле доста сурови кога се работи за напорите за опстојување и просперитет. Македонецот, граѓанинот на оваа Македонија има право и таму да биде горд на своето потекло и да и припаѓа на оваа земја со сето срце и со сите спомени. Затоа, не смееме да дозволиме тие чувства да ги расипуваме со тоа што тој Македонец ќе го затвориме повторно во некакви рамки. Да го определуваме како припадност кон една или друга партија. Да го вреднуваме во еден или друг конгрес. Накратко, Македонецот не смееме да го делиме. Не може да се прогледува низ прсти на обидите за ставање на иселеништвото во функција на дневната, на персоналната политика. Не заради тоа што некој се плаши дека ќе му се земе приматот на влијанието на дијаспората зашто имал исти такви намери, туку едноставно заради самото иселеништво кое не смее повторно да се најде во функција на политичките калкулации, а со тоа и на новите поделби. Знаеме колку тешко беше и колку е тоа сеуште тешко Македонците иселеници да се собираат во македонските црковни општини. Да се ослободат, многу е

важно од влијанието кое е сеуште присутно во дијаспората. А, што ќе стане ако на местото на една делба внесеме нова? Што ќе стане ако наместо влијанието на соседните пропаганди им понудиме партиска? Како на нас ќе гледаат истите тие иселеници ако главната задача кога одиме кај нив е меѓусебно политички да се озборуваме?

Мислам дека треба да ги оставиме кавгите за дома, за кај нас за во овој Парламент, каде и им е местото. Што се однесува до дијаспората да се обидеме оваа област да ја регулираме како што тоа го прават оние држави кои се декларираат како правни. Секаде во светот врските со иселеништвото ги одржува државата. Тоа треба да ни биде јасно. Дали преку владини или невладини организации, дали преку Министерството или посебно министерство, кое специјално ќе се занимава со оваа област, наше е и на ова место и на овој Парламент да се договориме. Неминовно е да сфатиме дека е недозволиво да се игра со чувствата на овие луѓе, да се покриваме со наводни нивни барања и стремежи. Треба да ни стане јасно дека иселеништвото е наше дека државата ги одржува релациите со нив без разлика кои е на власт Ова сознание особено заради тоа што таа власт можеби еден ден ќе треба да се јави како и реинтегратор на иселениците. Да се надеваме дека еден ден ќе дојде до обратен процес кога нашите иселеници ќе се враќаат што ќе биде нормален и пожелен процес. Дотогаш да не создаваме конфузии во главите на овие луѓе.

Иселеништвото да се придобива и вжештува со нереални пароли истакнати во документите за конгресот кој го свикува како претседател пратеникот Петров, определување на државни територии не претставува никаква грижа за иселеништвото. Напротив се обезвреднува она што е градено со децении и добивало афирмација во меѓународни рамки, а

посебно по приемот на РМ во ООН и стабилизаторски, мора да признаеме делувало на овие простори на експлозивниот Балкан. Појава на вакви екстремни прокламации значат дискредитација на определување на грижа за иселеништвото. Идејата за обединување на Македонците беше и останува како преокупација на овој народ , но единствениот пат води низ интеграција на народите и развој на демократските односи во Европа. Паролата Балкан без граници, односно Европа без граници го отвора патот на духовно и културно обединување на Македонците како едно универзално човечко право и слобода.

Мислам дека Парламентот, ова Собрание треба да донесе и изгради еден општ став, што е негова и деловничка надлежност прокламирано преку одредени заклучоци, или соодветна декларација која ќе ги содржи сите искажувања, посебно искажувањата во однос на тезите искажани во Нацрт документите или Предлог документите за Светскиот македонски конгрес и тие да бидат доставени до оние места кои ќе значат званичен став. Затоа морам да повторам, ова Собрание мора да изгради општ званичен став према иселеништвото и према конгресите кои се одржуваат во нивно име и за нивни интерес.

**СЛАВЕ НАУМОСКИ:**

Почитувани пратеници, Република Македонија на својот из-вонредно тежок пат за заокружување на меѓународно- правниот субјективитет и дефинитивното внатрешно уредување на животот во Републиката со прифаќањето на повеќепартискиот систем, пазарната економија, правната држава се соочува со крајно загрижувачки појави од типот на зададени национални месии кои сакаат наводно богата економија под госпоменатите определби. Но, работите ни малку не се наивни, туку се од типот на одреден национален придонес со форсирање на таканаречени меголомански собири на кои наши патриоти би се

залагале за зацврстување на државата преку манифестирање на обилна количина на патриотизам. За жал денешната седница, по Информацијата на Владата за Светскиот македонски конгрес од Гевгелија, ја сметам за задоцнета бидејќи заговарањето на активностите околу овој собир се од постар датум. Покрај другото ме чуди како воопшто е дозволено регистрирање на вакво здружение на група граѓани, да не речам еден граѓанин за светски македонски конгрес кој веќе во барањето за регистрација, покрај другото заговара во својата активност дека е врвен Парламент на сите Македонци.

Жал ми е за сите наши Македонци кои упаднале во евтината клопка која им ја подготви ова здружение на група граѓани од сомнително потекло и сомнителни цели. Ако тргнеме од целите кои сака да ги постигне ова здружение на група граѓани со одржување на овој собир, со неовластено узурпирано име - Светски македонски конгрес, а една од главните цели е тотална негација на РМ со се она што го прави последните три години и проекција на нешто имагинарно, крајно штетно и провокативно може да се заклучи дека секој оној кој мисли дека ја знае и ја форсира националната стратегија и ги обнародува националните цели и националните интереси сметам дека всушност прави национално предавство за најевтина цена, а тоа е личниот интерес за афирмација што одредени кругови обемно ги збогатува со аргументи против наша^ држава. Особено во периодот кога Републиката треба да биде стабилна и пред дефинитивното решавање на постојните проблеми со Република Грција.

За мене ова е класична манифестација на чист политички криминал со несогледливи последици. Подобро би било тие месии да ја научат детската игра таканаречена монополи и таму да импровизираат држава наречена"Тодористан". Не ми е познато дека каде и да е во

светот Евреите имаат свои политички филијали. Партиите: Ликут, Лабуристичката партија, Конзервативната партија, функционираат само во границите на Израел. Надвор од Израел сите се само најдобри Евреи и еврејството им е светост, сплотени и горди на својата нација и држава.

Инаку, да ви признаам дека за мене најголем патриот, најголеми патриоти се оние кои останаа по нашите села без избор, но со силна желба да се биде на своето. Јас со целиот свој комодитет на живеење во Скопје и колку и да имам силни мотиви за заговарање на патриотизам не можам ни случајно да им конкурирам. Инаку надвор од РМ, меѓу бројното наше иселеништво е недозволиво штетно секој од тука да манипулира со нивниот патриотизам како објективна категорија на љубов, на чувство на љубов кон татковината и од друга страна нос-алгија како болка за родниот крај.

Би направил коментар само со една реченица во врска со материјалите околу одржувањето на овој Светски македонски конгрес.

Не сакам ни случајно да бидам правнук на еден од македонските кралеви кои бил заговаран, тоа е Васил II, еден од убијците на самоиловите војници. По тој повод сакајќи да ги премавнеме ваквите појави ги предлагам следните заклучоци кои мислам дека веќе Ви се поделени и не би сакал повторно да ги читам.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Бидејќи ми беше одземено правото да ја објаснам штетноста од отворањето на ваквата расправа во Собранието, со една многу груба манипулација од страна на претседателот....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вам не ви е никакво право одземено, од оние што ги имате. Немате право.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Кој кога сака да види дека некој крева рака гледа ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, имате збор само за расправата сега...

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

А кога не сака да гледа дека некој крева рака не гледа...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ќе ве прекинам вас. Вие имате збор за расправата.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Сакам во почетокот на расправата да укажам на моите при- чини заради кои што не сакам и не сакав да се отвори ваква расправа и да учествувам на неа. Овие се моите причини.

Собранието е законодавен орган на државата, а Конгресот односно конгресите се граѓански, цивилни иницијативи, за кои не стои законска присила, ни судство, ни полиција, ни војска. Како такви тие дејствуваат со морална сила според мерата на нивниот авторитет и инвентивност, конструктивност итн.

Донесувајќи ја Информацијата Владата постапила против принципите на цивилното општество, а како орган на комунистичката партија. На тоа укажуваше и големата кампања со инсинуации за наводно непријателски намери и секакви други оцрнувања на личности што е специјалитет на овој тоталитарен менталитет.

Не е неопходно граѓанските здруженија и личностите во нив да бидат по вкусот на власта. Дури тоа не го сфатиме немаме право да зборуваме за граѓанско општество. Не верувам во единството со кое што се води нападот против Петров. Повеќе мислам дека е тоа миг за единство. Единство без разлики , а тоа е нешто што исто така припаѓа

и му служеше на тоталитаризмот, за да се стави под контрола се што е слобода на мисла, сопствено уверување и креативност. Можеме ли како народ да бидеме единствени и да стоиме зад спогодбата, зад таканаречените добри намери меѓу Македонија и Грција.

**РАТКА ДИМИТРОВА** (продолжение)

Спогодба, со која се откорнува македонската држава. Спогодба со која се откажуваме од АСНОМ, такво единство никогаш нема да има. Имаше големи забелешки во врска со седницата која што се бараше пред нашето влегување во ОО и за привременото име БЈРМ. Тогаш се зборуваше и се вадеа аргументи за кои што не треба јавна расправа. Овој пат, сметам, дека од тоа ова е многу поштетно, а бидејќи оваа расправа, функцијата и резултатот од оваа расправа ќе биде директно против македонското тело. Бидејќи и тогаш фасадниот слој на надворешната политика кој што се распукна и падна, може би, неколку дена пред нашето прифаќање на привременото име, дотогаш, до последните денови што држеше став на фасадниот слој на надворешната политика дека тоа во никој случај Македонија нема да го прифати. Се плашам дека во моментов сме во една слична ситуација со многу, многу потешки последици Дека спогодбата која што исцело е на страната на интересите на Грција ќе биде на еден сличен начин прифатена. Такви седници, такви документи на ова Собрание на овие пратеници со конгресот не се нудат. Ние од околу, поучени од првиот пример можеме да дојдеме до некои документи, но нашето претседателство такви документи не бара и не му нуди на Собранието. Така фасадниот слој на нашата политика може да пукне и да падне предоцна, а тогаш ќе биде многу доцна за нашиот народ. Втората работа е што целата оваа работа има една голема диспропорција. За конкретни посегања не се зборува, а конкретни посегања, по интегритетот 'на нашата држава, по нашата стабилност имаме безброј. Имаме партии кои што излегуваат од Уставното уредување на државата, партии кои дејствуваат против интегритетот на државата Република Македонија и против суверенитетот и нејзиното меѓународно признавање.

IV/2.-

Во писмото на претседателот на Република Македонија до Бутрос Гали на забелешките на таканаречената спогодба која што ја спомнав пред малку, нема забелешки на точката шест од спогодбата. Таа е објавена во "Дело", и колеги пратеници, бидејќи вака не можете, можете да ја прочитаат во "Дело" можете да видите што тоа значи - Македонија - државата Македонија да нема забелешки на точката 6! Внимателно прочитајте ја ќе си видите дека со тоа сме до крај откорнати И дека утре, ако некој од нас го употреби зборот Воден, или го употреби зборот Кукуш и многу такви зборови, може да биде прогонуван официјално од сопствената држава.

Меѓу другото се наоѓаме во најтешкиот момент и јас уште еднаш, можеби по трет пат од оваа говорница, ќе предупредам на многу важна работа. Ни една нација, ниеден народ на светот, мислам, дека не добил таква директна опомена од највисокиот врв на Светската меѓународна политичка сцена, а тоа беше од претседателот на Претседателството на министрите за надворешни работи на Европската конференција, министерот господин Јенсен, кој што не предупреди дека се работи. за рушење на основите на македонската нација. И во овој момент ние сметаме дека треба граѓанските иницијативи да се нишката! Што значи тоа? Можеби е тоа страв од собирање на извесен отпор за прифаќање на нешто што би значело смрт на нашата нација? Сето ова, оваа диспропорција личи на една техника "држте го крадецот".

Бидејќи не сакам да учествувам во таква расправа на Собраниево, »кое ќе прави ваква грешка против демократијата, бидејќи ние се обврзавме да бидеме инструмент за демократска преобразба, јас не прифаќам една ваква расправа и затоа ќе ја напуштам седницата. (Веднаш од говорницата пратеникот Ратка Димитрова ја напушти и салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам уште кој бара збор?

Има збор господин Рахими.

IV/3.-

**ШУКРИ РАХИМИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колешки и колеги пратеници, сакам да искажам неколку свои мисли околу информацијата што ја поднесе Владата.

Како човек го поддржувам настојувањето за одржување на врските со иселеништвото, било од кој народ. Сум за тоа да се одржуваат духовни, културни и економски врски. Меѓутоа, сметам дека во нашата држава тоа не е запоставено. Постои матица на иселениците која не е од сега туку неколку години уназад ги одржува тие врски и работи на оживување на сознанијата на тие луѓе кои се оддалечени од својата мајчина груда. Исто така и македонската автокефална црква врши своја дејност во тој правец. Ние знаеме дека таму често пати се испраќани луѓе од тука се формирани цркви во кои се врши црковна дејност итн.

Мене овде ме загрижуваат документите што се предлагаат на тој конгрес, а поготово програмата. Програмата и слична како меморандумот на Српската академија на науките или пак втор таков меморандум на Балканот. А каде ги одведе народите на Бивша Југославија тој меморандум, сите сме сведоци и знаеме какви се последици од тој меморандум и има на просторите на Бивша Југославија.

Господа, ако некој мисли дека нашата Република која досега остана на страна и не била зафатена од воените вихори, па сега и таа треба да го проживи она што го проживееле и го проживуваат нашите соседи и комшии, тогаш ако некој мисли така, нека продолжи со вакви активности, па и ние ќе го имаме тоа "задоволство" да ги почувствуваме последиците од таквите меѓунационални судири.

Од друга страна тие документи што се предложени како да заговараат создавање на некаква нова македонска држава со подруги граници, токму сега кога се води борба за меѓународно признавање на

нашата држава. Авторите на програмата сакаат тоа,на тој начин само да го попречат, бидејќи таа Македонија каква тие ја предлагаат веќе нема да биде како што е оваа, а од тоа сигурно ќе произлезат сосема други последици, па да не го доживееме она што народот го вели "барале рогови изгубиле уши."

Затоа го молам Собранието многу зрело да размисли околу ваквите предизвици и да не дозволи да запловиме во матни води кој ќе не одведе кој знае каде.

Кога станува збор за националната програма може слободниот да се рече дека авторите се служеле со историски невистини при настојувањето да ја потврдат автохтоноста и историскиот континуитет, тргнувајќи уште од седмиот век пред нашата ера, како историчар е само еден наивен национален романтизам, кој што е надминат кај балканските народи уште при крајот на XIX век, а овој е многу задоцнет, бидејќи сега е крајот на XX век. Ова го велам од причина што авторите на програмата треба да речат отворено дали македонскиот народ е словенски народ. Ако е така историски се знае кога се дојдени словенските народи на Балканот. Така што ниту македонскиот народ во тој случај не прави никаков исклучок. Ако пак тврдат дека не се словенски народ, тогаш со научни факти кои засега барем не се познати на историската наука, треба да докажат дека тие се нешто друго. меѓутоа, едно треба да им биде јасно дека не се создава историја со присвојуваше на туѓи личности и настани, затоа што тоа не може да издржи една научна критика и сите тие моменти ќе паднат во вода, а ќе се потврди спротивноста. токму од овие причини сметам дека националната програма е плод на непознавање на историските факти или пак намерно фалсификување на историјата.

IV/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Голубовски

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Грижата за македонците во соседните земји и за македонците во светот не беше на вистински начин операционализирана во рамките на поранешна Југославија и покрај тоа што декларативно беше искажано. Националното чувство кај сите македонци никој пат не престана да ја продолабочува потребата овој, дел на Македонија, единствената држава на Македонците да ги организира сите македонци во единствена акција на се македонски одговор во опстојувањето на македонската нација. Ваквите напори особено се интензивираа со воспоставувањето на политичкиот плурализам. Во истиот период идејата што за македонскиот конгрес, по углед на слични познати конгреси во светот како на пример еврејскиот или полскиот во самостојна и суверена Македонија објективно созреа и нејзиното реализирање се очекуваше како природна потреба на македонската држава. Оттаму земањето за право еднострано, од лична или партиска позиција на власт, да се конституира ваква институција историски е неоправдано за што на таков начин се доведува во прашање демократското право сите македонци рамноправно да ги задоволат потребите кои произлегуваат од националното чувство и од различните политички определби.

Вака претседателството на ВРМО Демократска партија го оцени, а на 16 август минатата година и реагираше во своето соопштенија до јавноста во врска со основачкиот конгрес на Битоф кога претседастелто на Републиката ги привилегира само лево ориентираните партии да учествуваат во подготовките и основањето на конгресот со што отвори простор за сериозни сомневање во висинските потреби и цели на ваква основата институција. Во соопштението укажавме дека одговорноста за новите поделби за новите македонски конгреси ќе падне на оние  кои

вешто манипулираат со високите македонски национални интереси. Како и на фактот дека ни една илузија не може да се одржува долго, но последиците долгорочно ќе ги погодат македонските стратешки национални интереси. Истакнавме дека безрезервно ќе го помагаме и браниме македонскиот конгрес, ако треба и од оние кои што со неговото реализирање имаат предвид, примарно , пред се, една особено суптилна тактична замисла за ефикасна контрола врз севкупните процеси во Република Македонки но и на сите македонци било каде во светот.

ВМРО Демократска партија го поддржува македонскиот конгрес како се македонска асоцијација во основа лобистичка за поддршка на македонската меѓународна позиција и како институција која статистички и комуникациски ќе ги подржува напорите на РМ во операционализација на декларираната грижа за македонците во соседните држави и во светот. ВМРО - Демократска партија беше првата политичка партија која реагираше и изгради свој став кон ова прашање и кој го одржаа до денеска.

Како пратеник на оваа партија...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да зборувате само како пратеник.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

И вие зборувате на говорница партиски.

Во парламентот седат политички субјекти и во најголем дел ние застапување политички партии.

Откако за жал се оствариja нашите предвидувања, ситуација на најада за непосредно одржување на двата само наречени светски македонски конгреси, се приклучив кон потписниците на барањето за отворање на оваа расправа пред се, поради желбата за ова прашање јавно да се проговори, да се размисли да се спротивставаат идеи и

IV/7.-

оценки, практично како заложба за еден демократски пристап. Вака закажаната расправа во парламентот не смее да има за цел, спречување на граѓанското организирање предвидено и регулирано со Уставот и соодветните закони на Република Македонија.

ВМРО Демократска партија категорично против било какви административни забрани. Наспроти тоа претпочитаме, укажување на негативните импликации на еден демократски начин да ги обесхрабриме носителите на овие во основа негативни тенденции, во однос на стратешките национално интереси на Македонија, од нивната злоупотреба на националната пречувствителност на македонците и со тоа да ја осуетиме можната фатална грешка во овој исклучително пресуден сложен историски момент за Македонскиот народ.

Отворањето на ова прашање треба да ни послужи во градењето на методологија за ставот спрема ваквите и слични процеси. Ние не смееме да паднеме во стапица денес, да им дадеме преголемо значење на одделни личности во случајов ни на едниот ни на другиот конгрес. Ако сме сериозна држава мора да знаеме и да се држиме за што денес е неопходно да разговараме. Оваа расправа треба да биде скратена како желба Република Македонија да изнајде посоодветна формула што нема да не дели, а Македонците во дијаспората да не ги доведува во ситуација да бидат нелојални граѓани во земјите во кои живеат. Расправата не смее да се сфати како пресметка со некого или како дистанцирање од македонското иселеништво. Граѓаните на Република Македонија,македонците мора да се соочат со вистината дека дијаспората може да грешки, но ние во матичната држава немаме такво право. Цената за грешките е преголема. Според тоа неприфатливо е поигрувањето со националните стратешки цели што сега поради објективните историски околности ги одлагаме на подолго време, пред се затоа што во сегашноста, а и во блиска иднина претпоставени глобални услови, не ја согледуваме можноста, патот тие да бидат остварени. Ние

IV/8.-

денес не смееме да ја одземеме таквата можност на генерациите кои доаѓаат по нас. Кој може да ја преземе таквата историска одговорност? Поединци кои сега ги актуализираат таквите стратешки цели ќе мора да ги објаснат мотивите пред македонскиот народ спрема кои со таквото однесување опасно го доведуваат во прашање процесот на признавањето и опстанокот на Македонската држава. ВМРО Демократска партија на може да биде прифатлива организираност која ја пореметува стабилноста на Република Македонија. Во такви околности сериозно се отвораат сомневањата дека таквите напори не се само несреќа коегзистенција со посакувањето на нашето опкружување, да ги има токму таквите аргументи во оспорувањето на државноста на Република Македонија. Меѓутоа, не смееме да заборавиме дека за внатрешната политика Македонија има алтернативи, но меѓународните односи нема алтернатива. Правилната на играта во Европа што се пропишани се или ги прифаќаш или не ги прифаќаш. Лесно е сега да се поведе народот против тие правила од демагошки или други причини, но кој е рецептот. И конечно нема лек ваквите конгреси кои денес се два, утре да бидат три, реална е претпоставката а дури постојат и сознанија дека некој од надвор ја политизира нашата емиграција.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**:(Продолжение)

Треба да ги пресметаме сите последици од нивното инволвирање во стратешката политика на РМ. Не може да се создаваат цврсти форми со странци, тоа е апсурд. Секој добредојден да помогне на Македонија, но политичкиот живот мора да се одвива и да се остварува овде во РМ. Ние во континуитет укажуваме на следното:

Прво, граѓански здруженија и асоцијации какво што во случајов се самонаречените светски македонски конгреси немаат ниту легалитет, ниту легитимитет да се претставуваат како семакедонски облици за поврзување на македонците. Тие може да го изразуваат исклучиво само интересот на членовите на едниот или на другиот конгрес.

Второ, Република Македонија е единствен меѓународно признат легитимен претставник на македонскиот народ која го претставува во светот правниот, националниот, политичкиот и културниот идентититет на македонскиот народ, па според тоа таа е единствен семакедонски субјект во државна и политичка смисла и репрезент на интересите на македонскиот народ.

Трето, за грижата околу правата на македонците кои како малцинства живеат во соседните земји во етничките делови на Македонија и во светот согласно документите на ООН, ЌЕБС и други светски и европски организации легитимитет може да има само Република Македонија.

Четврто, обидите овие здруженија на група граѓани да си припишат лични и исти атрибути и функции што ги има и македонската држава објективно го загрозуваат процесот на меѓународното признавање на РМ, а со тоа и се оспорува и легитимитетот таа да се избори за правата на македонците во соседните земји и во светот.

Од тие причини ние и јавно повикавме на бојкот на двата наречени светски македонски конгреси, на поделбата на македонците во светот им ја спротивставуваме идејата за патриотизам , лојалност и солидарност на сите македонци околу својата национална држава. Ние ќе ги сметаме за предавници на националната вековна идеја сите оние кои од лични , кариеристички, егоистички, локалистички и од други интереси ќе ги доведуваат во прашање интересите на РМ.

Ги повикуваме сите македонци преку Собранието на Република Македонија кое како семакедонски Парламент на сите македонци , преку Матицата на иселениците на Македонија како и преку сите други партиски и граѓански здруженија во кои се организирани да ги изразуваат своите различни политички и социјални интереси и да дадат допринос во радењето на државната политика.

Република Македонија грижата за македонците во соседните земји ја има како трајно определување, но за поефикасно остварување на нивните права мора да се однесува и овде во Македонија во склад со нашата декларација за примена на единствен модел за малцинските права на Балканот.

Ние на македонското иселеништво гледаме како на составен дел од македонскиот народ. ]Ќе ги поддржиме сите иницијативи и конкретни напори на Република Македонија за зајакнување на врските па македонските иселеници со татковината, за помагање на нивните културни манифестации и за посебна грижа за образованието на македонски јазик на нивните деца. Но, како крајна цел го имаме трајното враќање на македонските иселеници и во татковината и за таа цел ќе се залагаме во РМ да се обезбеди правна и економска сигурност за охрабрување на нивното враќање, а посебно за стимулирање на инвестициони зафати.

V/3.-

До конституирање на вистинска семакедонска асоцијација потребно е да се активира Матицата на иселениците. Доколку се смета дека таа е контролирана да им се препушти на македонските иселеници да ја преземат и да ја реконструктуираат. При тоа РМ треба да се воздржи од давање на рецепти како таа треба да биде урбанизирана. Како што од друга страна македонските иселеници не можат да инсистираат на рецепти како ние овде ќе ја организираме државата. Одделни држави во Европа имаат слични механизми и искуства кои треба да ги проучиме и да ги прифатиме.

Што се однесува до националната програма во овој момент кога немаме дефинирано друга национална програма и стратегија замена може да биде само актуелниот Устав.

На крај сакам да укажам на фактот дека сите институции во Македонија како што се на пример Академијата, Универзитетот, средните школи научните и културните институции се премногу затворени. Сите тие треба да се отворат према македонските иселеници. Телевизијата и радиото исто така само инцидентно од прослава на прослава обврнува само внимание на нашата дијаспора. Иселеништвото повеќе го третираме манифестационо не сме им пружиле права поддршка. Не сме покажале вистинска грижа за нашите во светот. Значи треба да зборуваме за нашиот неадекватен однос како матична држава спрема македонските иселеници, а не за,обратната комуникација дека тие треба иас да ни помагаат. Тоа е крајно несериозен и неодговорен пристап кој веќе ги оптоварува и онака недоволните комуникации меѓу Македонија како матична држава и дијаспората. Не треба спрема македонското иселеништво да градиме ексклузивен пристап. Треба да ги сфатиме нивните сосем нормални животни потреби. Тоа треба да го направи Македонија за своите иселеници . Никој не смее македонските иселеници

да ги манипулира и да ги доведува до заблуда со што би можело кај нив да се предизвика нелојалност спрема својата национална држава.

И на крај , во однос на заклучоците кој што беа понудени сакам за третиот заклучок вториот став да изразам, прво, едно големо разочарување што е тоа така формулирано и веднаш да искажам личен став дека доколку тоа не се промени во целина заклучоците кои инаку во останатиот дел се прифатливи не ќе можам да ги прифатам заради тоа што тука се повикува на надлежните органи да спроведат репресија. Во однос на тоа прашање јас на почетокот на моето излагање изразив принципиелен став. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Горгиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани патеници, информацијата изготвена од Владата на Република Македонија, а во врска со состојбите околу одржувањето на првото генерално собрани на Светскиот македонски конгрес и Извршниот одбор на Светскиот македонски конгрес ја прикажува состојбата, а посебно се истакнуваат целите што се сакаат да се постигнат, па во тој контекст јас како еден од потписниците на иницијативата ќе ги изнесам причините од кои бевме понесени за ставање на точката на дневен ред пред Собранието на Република Македонија.

Се разбира ние како пратеничка група на Либералната партија ја истакнуваме потребата од уредување на односите со нашата дијаспора на начин како што тоа го сториле некои други народи кои поради разни причини имаат исто така бројна дијаспора, на пример еврејскиот, полскиот, унгарскиот и грчкиот, а посебно сме сведоци од она што го

имаме  сега во делот на односите со Грција и делот на грчката дијаспора на нашите, сега, односи.

Се залагаме за односи што ќе им обезбедат на македонците во светот да се соберат со цел да воспоставуваат врски за духовно, културно и економско поврзување. Ние поаѓаме од фактот дека во историјата на македонскиот јазик настапи пресвртница, посебно со признавањето на РМ од повеќе држави во светот и приемот на РМ во рамките на Обединетите нации. Ние мислиме дека опстанокот на РМ е во јакнење и афирмација на меѓусебните врски кои бараат од секој македонец и од македонците во дијаспората и од оние кои не се макеоднци по потекло кои имаат делови од своите семејства и овде им се гробовите на нивните предци исто така ја почитуваат РМ и со Уставот загарантираните права.

На она што мене ме натера лично да се придружам кон барањата за одржување посебна седница по однос на претстојните конгреси за кои што Владата има изготвено посебна информација е фактот што за ова Собрание во организацијата на така наречениот Семакедонски конгрес од Гевгелија беа поделени нацрт документи кои немаат ништо заедничко со општата љубов кон Македонија и желбата за нашите луѓе надвор од дијаспората како на РМ да и се помогне во овие значајни моменти.

Во тие документи всушност видов обид за негирање на постоењето на РМ. Тоа е посебно истакнато во делот на нацртот и статутот и програмата за конгресот. Обид за создавање па нешто како лажна држава покрај и над Република Македонија, а тоа е посебно истакнато во точка четири од нацрт декларацијата. Видов обид за создавање на парадржавни органи или други организации со што видов дека организаторот на овој конгрес дава на знаење дека не смета на постоење на Република Македонија како независна држава, посебно што во сите документи тој истакнува дека е тоа Македонија. Напротив,

наместо поддршката на РМ, фантастичен обид за обнова на античкото македонско царство што инаку во нормални прилики би било смешно, а во овие сегашни прилики не значи ништо друго туку изразување на територијални претензии пред се, према соседна Грција, посебно е истакнато во точка 26 од Нацрт декларацијата. Тие претензии, се разбира, не се реални, а во РМ никој не стои зад нив, но со залажување на поединци во дијаспората и нивно собирање со таква цел овде во РМ не се остваруваат соништата на македонскиот народ туку се создава доказ за екстремните и националистичките грчки кругови кои после одржувањето на овој конгрес можат секаде во светот да тврдат дека нивниот став за непризнавање на РМ е оправдан бидејќи навистина од север им прети опасност.

Целото тоа збивнување околу овој Семакедонски конгрес од Гевгелија всушност без оглед на намерите на организаторот преставува досега најсериозен обид да се загрози стабилноста на РМ и да се доведе во прашање нејзината понатамошна афирмација. Приказните за поединци од организаторите на овој конгрес дека се жртва на некој депресија од постојните власти се разбира се лага и го одразуваат нивниот бесрамен однос кон јавноста. Тие луѓе се актуелни пратеници во Собранието на РМ , можат секогаш се да кажат се во парламентот, тие земаат плата од државата, а со месеци одат по сите континенти да соберат доволни истомисленици за својот негаторски однос кон РМ како независна држава.

Би завршил со следното. Република Македонија мора да го негува и помага поврзувањето на македонците кои живеат надвор од нејзините граници, поврзувањето во нивната љубов и желба да и се помогне на РМ, во склад со вообичаените меѓународни норми и познатите искуства во светот на пример како што тоа го имаат организирано државите што претходни ги спомнав.

Но, остро сум против под превезот поврзуваше на македонците да се организираат во РМ разни собири со авантуристички цели кои ја поткупуваат основата врз која почива нашата држава. Во тој поглед пред се, да се разбереме, потребно е и органите на државната власт да си ја вршат својата работа односно во рамките на своите надлежности да постапуваат.

Нашата партија многу одамна, уште во месец февруари 19 93 година со учеството на конгресот на организацијата на обединети македонци во Европа што се одржа во градот Штунперфик.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не мешајте ги партиите.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Нашата пратеничка група, пардон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Партиите овде не ги спомнуваме.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Уште во месец февруари на конгресот на Организацијата на обединетите македонци во Европа што се одржа во градот Штумперфик Германија преку нашиот претставник укажана присутната тенденција на унитаризмот што се прави од поединци што имаат или ќе имаат несогледиви последици по РМ, за што нашиот претставник беше и разрешен од членството во претседателството на обединетите македонци во Европа за несметано продолжување на замислите или замислените цели по однос на одржувањето на конгресот во РМ.

На крајот ги поддржувам извештајот на Комисијата за надворешно политички прашања и односи со странство со кој се подржува информацијата на Владата и предлог заклучоците поднесени од пратеникот Славе Наумовски и Алил Џаферовски. Благодарам.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, чувствувајќи ја потребата, а особено во овие тешки времиња на создавање и сочинување на македонската држава од една сеопфатна македонска национална стратегија за виталните државни и национални интереси преточена во единство за македонската кауза би ја сфатил оваа иницијатива на пратениците од редовите на пост комунистичката партија која сега се одѕвива на името СДС како грижа за единство и натамошна сплотеност на сите македонци околу македонската иднина. Но слушајќи ги претходните дискутанти и читајќи ја информацијата од Владата за и околу таканаречените два светски македонски конгреси, дека се определуваат за еден, за оној популарно наречен на господинот Џон Битов за што таков впечаток добив, во информацијата на Владата никаде не се спомнува, само на едно место се спомнува овој конгрес, а се напаѓа оној, другиот што слови ќе речам некако режимски и тоа ме наведе да помислам дека е стварно режимски. Кај мене останува впечатокот за недоследност, за едно лицемерие во изразеното мислење на Владата и за една узурпација.

Ако се земе предвид и мислењето на Владата и тоа околу светскиот македонски конгрес кој треба да се одржи на 7 и 8 август или пред познатлив како конгрес на пратеникот Господин Тодор Петров исто ќе повторам се извлекува ова лицемерие. И од страна на досегашните пратеници и од информацијата на Владата.

Патернализмот на Владата е немоќност и announcement неможност, впрочем тоа е и нејзина работа наследено и наметнато божемно единство на Македонците во дијаспората и во РМ се познати психолошко полициски методи како останат арсенал од минатото.

V/9.-

Факт е дека зад оној конгрес на Битов стојат партиите од коалиционата влада значи и партиите ПДП и НДП. Извршен дирекот на тој конгрес е помошник министерот за односи со странство господинот Јордан Веселинов затоа Владата во информацијата не ги ни спомнува овие господа од тој друг конгрес односно од конгресот на господинот Џон Битов.

Мене ми е несфатлива оваа поддршка преку учество во Владата на конгресот на Битов даваат и албанските национални партии ПДП-НДП. Зарем прашањето за македонската национална кауза ќе ни го диктираат преку Владата луѓе кои ги штитат правата на друга нација, во нашиот случај на едно национално малцинство кое по уставот е националност, а кое има и своја матична држава, а нашава единствена македонска матичност сакаат да ја федерализираат односно разделат нивните поедини екстремни претставници и затоа јасно се изјаснуваат.

Тука се поставува и прашањето, прво од кои причини посткомунистите одѕивајќи се со прекриени намери на името социјалдемократи одеднаш сакаат да бидат авангарда за македонското национално единство, преку свои конгрес, оној на г-дин. Џон Битов, кога спрема изјавите на нивниот в- лидер пратеникот г-дин Никола Поповски се и како партија и како поединци членови на таа партија само и само граѓани. Општо познато е во историјата и во граѓанската слободна мисла односно киласофија дека држава прават и се грижат за неа само позитив,но настроени националисти , а не ситни малограѓански души. Позитивните националисти, пред се, не се екстремни националисти и не се шовинисти. Сите досега настанати држави се продукт на позитивните националисти, без нив нема ниту држава ниту нација. И затоа ако пост комунистичката власт сака преку своите заложби за една стварна, единствена македонска национална кауза, за доброто на сите македонци

да допринесе, ќе мора да признае дека прво е националното кое не го негира и граѓанството односно еднаквите права пред Уставот и законите на РМ за сите нејзини државјани односно граѓани.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Но сеуште измиените мозоци за само еднопартиска над класа, само компетентна, самобендисана претворена со постојната законска регулатива и нејзината неадекватна примена во старо ново- родена црвена капиталистичка класа која ако треба ќе предизвика и малтретирање, односно тепање на работници, земјоделци, или студенти само да го сочува украденото и да се одржи на власт. Тешко дека со еден ваков однос ќе постигнеме македонско национално единство за виталните национални и државни интереси на ова парче што ни остана, а кое се вика Република Македонија. Тешко може тоа да се постигне и од следниве причини. Медиумите и ден денес добиваат наредби и преку одамна врбувани поедини новинари, секоја чест, ќе кажам овде на добронамерните и објективните кои е лесно да се препознаат и ние како пратеници ги препознаваме, но мислам дека и граѓаните препознаваат кој е добронамерен, кој е објективен, а кој е оној што е партиски настроен кон партиите кои партиципираат во коалиционата Влада. Таквите новинари сеуште ни ги мијат мозоците и ако тоа е факт дека вродениот долговековен страв кај македонецот полека, но сигурно се претвора во патриотизам и желба за зачувување на македонската држава. Ќе наведам прв пример. Во емисијата "Без наслов, но со повод" од 16.07.1993 година амбициозниот новинар господин Владимир Лапе кој е познат по слоу моушн преносител на излегувањето на актуелните државни раководители од авиончето, од оној популарен "лир џет" се обиде да исфабрикува нови врховизми, односно така беше поднасловот измислен од неговите наредбодаватели. И што се случи? Неговиот соговорник како врвен историчар тоа не го прифати. И тоа да признаам ме радува. Не прифати да изнаоѓа нови божемни национални предавници за интерес на само и само граѓанската партија на власт. Тоа да признаам како што кажав ме израдува и дава придонес кон едно

сеопшто помирување на Македонците без разлика дали се тие центристички, лево од центарот, или десно од центарот расположени во политичкото влијание. Во име и за македонската кауза, но ме плаши односот ќе повторам на вакви поедини новинари кои сеуште во Република Македонија служејќи и на посткмунистичката власт бараат повторно делби, повторно непријатели, повторно некои врховизми. Владејачката партија со 28 пратеници со помош на коалиционите партнери владее со Република Македонија од кои коалицијата ПДП-НДП цело време испраќа меморандуми, декларации или писма за непримање на нашата македонска држава во светските институции и асоцијации. Значи антилобирање, а учествува во власта. Албанските партии во Република Македонија треба да сфатат дека согласно парламентарната демократија можат да бидат и опозиција, но тоа пред се треба да го сфати Социјалдемократскиот сојуз како само и само ќе повторам граѓанска партија.

Би сакал да кажам неколку збора и за понудената така нас- ловена македонска национална програма за претстојниот светски македонски конгрес кој се идентификува со името на претседателот на тој конгрес, господинот Тодор Петров. Прво, и основно поголемиот дел од таа програма за мене е неприфатлив, затоа што не ја отсликува реалноста и на историски и на културен и на духовен план на Македонецот и на македонската држава. Повеќе ми личи на политички памфлет можеби подметнат без за тоа да биде свесен господинот Петров со кој ќе признаам имаме многу нешто заедничко и во нашите настапи, заложби за македонското национално единство. Таа таканаречена национална програма има многу недостатоци и произволности кои можат да и наштетат на оваа наша толку останата државна матица која има свое уставно име Република Македонија, а не спомнувајќи го тоа име таа програма се изедначува со настојувањето и на оние политички субјекти во Република Македонија кои како коалициони партнери владеат сега со

Република Македонија, а кои се сложија со името бивша југословенска Република Македонија, а кој и има такви индиции ќе признаам утре може да прифати и стварна промена на уставното име мислејќи дека сеуште можат да му го мијат мозокот на македонскиот народ преку своите државно - приватни медиуми, односно јавни гласила. Да се разбереме, Република Македонија ја прифати декларацијата на Организацијата на Обединетите нации и документите на ЌЕБС. Можеби ќе остане неостварен сонот на секој македонец за обединување со своите сестри и браќа во другите распарчени делови, но треба во денешни услови како политичари да бидеме реални и прагматични, колкава ни е чергата, толку и нозете ќе си ги покриеме. Сите други настојувања можат да бидат наша пропаст. Психолошко пропагандните активности на нашите соседи, а некој ако мисли дека престанаа, се лаже. Тие се сега толку интензивни и се преземаат такви чекори што ние како македонци треба да ги препознаваме заради нашето единство како гарант и одбрана од тие активности. Секој настојува за свои лични цели да ја добие душата на македонецот со лаги, со клевети, со дезинформации. А како се добиваат душите на обичните македонски луѓе и кој треба да води антипропагандна битка, ако не медиумите и радиото и телевизијата и дневните весници. Со издигнување на патриотското чувство и афирмација на македонската нација овие медиуми ќе допринесат околу единството по виталните интереси на македонскиот народ. Но, што се случува? По заслуга на раководствата и поедини новинари на овие јавни гласила тоа го нема, туку ни се предава филозофија на немоќ, на мал народ, на неперспективност и на само и само граѓанство, божем англичаните, германците, французите, бугарите, грците, или албанците да гиземеме се само граѓани во сцоите држави. Тие пред се се национално определени и патриотски расположени кон тие свои држави. Зошто ни се сервира ние да бидеме исклучок, да бидеме поинакви, а национални, а да не бидеме како македонска нација патриотски

определени кон сочувувањето на оваа македонска држава која го носи името Република Македонија. Ако сакаме како македонци да постигнеме единство пред се ќе треба да го развиваме патриотизмот и да не наседнуваме на туѓите пропаганди. Ќе земам за пример една од тие пропаганди кои не опкружуваат, примерот на великосрпската пропаганда кои велат: "дојдоа егејците ни ги земаа работните места и становите". Во наводници ова го кажав затоа што така е таа великосрпска пропаганда, а таа пропаганда за жал ја прифаќаат и поедини македонци неводејќи сметка дека нема на светов матична држава на било која нација што не се грижи за своите сестри и браќа кои живеат, или живееле во други држави и доживеале геноцид, етничко чистење, или егзодус. Каде тие наши сестри и браќа ќе дојдат, ако не кај своите по род по крв и по нација. Најсвеж пример за тоа е Србија и србите кои ги прибраа своите сонародници од Хрватска, или пак хрватите своите ги прибраа исто така. Тешко на таа нација која нема матична држава. Мене ме чуди како тие поединци македонци не ја сфаќаат великосрпската пропаганда и не го поставуваат прашањето за доселувањето на над 20 0 илјади албанци од Косово во Македонија во последните 30 години. Со таквата великосрпска политика се смени етничкиот состав на поедини градови во Македонија на штета на етничките албанци кои се доселени овде пред 150, или 200 години, но и на македонците и на оние 43 илјади срби, на пример во Куманово и кумановско и србите што живеат таму сега по пописот околу 12% знаат колку албанци имало во 1946 година, а колку има сега, или пак во Тетово, тетовско, или Скопје, Гостивар итн. И тогашните македонски комунистички раководители и погодуваа на таа политика, дури некои и ги продаваа своите имоти за девизи станувајќи со тоа и со ПОМОЈД на власта што ја имаа црвена буржоазија. Таквите денес настојуваат да имаат влијание и во божемното да кажам во наводници "македонско национално единство". Какво лицемерие,почитувани

пратеници? За да живееме како патриоти и единствени по витлните македонски државни и национални интереси треба да престанеме да се делиме на вардарци, егејци, или пиринци, да бидеме сите само македонци и овде во Република Македонија, но и во дијаспо- рата. Затоа историјата треба секој македонец да ја познава онаква каква ни била, без идеолошки, или митолошки примеси за да се учиме на грешките што ги правеле нашите предци, а ние да не ги правиме во денешно време, не заборавајќи го ниту опожарениот Кукуш, Цер, опожарените села во штипско во 1913 година и во тиквешко, Крушево во 1903 година, кумановските села во 1912 година итн. Историјата е гордост и мајка учителка на секоја нација, па така и нас на македонската нација треба да ни биде мајка учителка и гордост. Лично како пратеник и член на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство и јас и сите мои сопартијци ќе одиме на средби кои можат да допринесат за македонско национално единство и во Република Македонија и во дијаспората. Впрочем и во името на нашата партија тоа се содржи и е главната цел на нејзиното дејствуваше. Ќе одиме и ако не покани и Тодор Петров, но и Џон Битоф да слушне- ме, да видиме и да си го кажеме нашето мислење по нивните заложби. На македонскиот народ му е потребен само еден единствен обединет светски македонски конгрес, пред се за културно, духовно и економско обединување. Политиката во Република Македонија ќе ја водат и ќе се борат за гласачи преку своите програми политичките партии од Република Македонија. Затоа им предлагам и на господинот Петров и на господинот Џон Битоф да најдат заеднички јазик, а ако не можат тој заеднички јазик да го најдат, тоа да му го препуштат на трет кој ќе ги обедини или како поединец, или како група сите македонци во дијаспората и ќе одржат еден единствен светски обединувачки македонски конгрес. На Република Македонија пред и е потребно  единство, јако лобирање и економска помош од

дијаспората која својот патриотски долг кон матичната држава ќе го исполни на тој начин. Единство,би рекол сестри и браќа македонци каде и да сте! Тоа е нашата шанса, шанса за опстанок на оваа македонска матична држава и за нејзин просперитет. Позитивниот македонски национализам пред се мисли на својата нација и политичката и економската и социјалната состојба на секој македонец, затоа што ние македонците резервна држава немаме. Ја имаме само оваа што ни остана која го има уставното име Република Македонија.

На крајот би сакал да се навратам и на Извештајот на Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство и на Предлог- заклучоците поднесени од господинот Славе Наумоски од Либералната партија и господинот Алил Џафероски од новата партија АДСМ, сигурно антидемократска странка на Македонија, или така не-како. Заклучоците, ќе повторам за мене се наполно неприфатливи од следниве причини. Не може ова македонско Собрание да зборува за единство на македонците во дијаспората и да гласа заклучоци со 40, или 45, или 50 гласа во кои половина од тие гласови. ќе бидат гласови на припадници на една друга нација, односно во овој случај на една друга националност. Таква работа не смее да си дозволи ова Собрание, затоа што овој светски македонски конгрес што јас го предлагам и мојата партија го предлага да биде еден, единствен обединувачки е пред се национална работа на Македонците, Албанците ЈГ"сите други имаат свои здруженија во своите матични држави и надвор во дијаспората. Затоа за ова прашање можат да зборуваат и да гласаат заклучоци само Македонците.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, излегов на говорница сосема свесен што сум и на кој народ му припаѓам. Апсолутно

немам потреба да навлегувам во работите на други нации и други луѓе, но моето право да зборувам за народ кој постои во моја сопствена држава не може никој да ми забрани. Затоа нема потреба да барам извинување било од кого, а најмалку од претходниот говорник. Тема на разговор, на дневен ред е Информацијата од Владата на Република Македонија, а повод се материјалите кои ни се веќе достапни на една асоцијација сочинета од граѓани со седиште во еден наш град во југот на државата наречен Гевгелија. И чинам дека вниманието и тоа што имаме да кажеме треба тука да го задржиме, затоа јас нема да навлегувам во други констатации и намерно воопшто немам потреба да дискутирам. Да посочам дека и овој пат говорниците намерно бегаат од темата. Заправо поставената тема на дневен ред ја користат за квалификации кои се надвор од дневниот ред, а поготово без пардон тоа го чинат секогаш редовно кога се во прашање Албанците. Во друга прилика во такви теми ќе најдеме интелектуална способност и аргументи да одговориме. Во оваа прилика дозволете да кажам дека Информацијата на Владата на Република Македонија ја поддржувам и ја оценувам како крајно одмерена. Информацијата носи квалитет плус што се обидува да не освести за тежината, проблемите што ги најавуваат документите кои се поднесени од страна на граѓанската асоцијација со седиште во Гевгелија. За нас тука во Парламентот на Република Македонија во прв ред и за сите граѓани на Република Македонија подеднакво важно и од, прворазрено значење би било да се обезбеди државниот интерес, т.е. интересот на државата Република Македонија. За првобитните, најважните интереси на државата сите граѓани, сите националности, сите малцинства, сите етнички групи треба да бидеме единствени го сакал некој тоа, или не многу малку е важно. Важно е што државните органи и државната политика, политиката на структурите во Република Македонија тоа го посакува и тоа е во нејзин интерес. Да ми се дозволи

да укажам само тоа дека немам намера, ниту чувствувам потреба да расправам во сегашниот миг за содржината на документите. Укажувам само дека ми е жал што ние доцна се вклучуваме во тоа и жал ми е за тоа дека ние и во оваа прилика не правиме исклучок, се занимаваме повеќе со последиците. Сакам да обрнам внимание дека сегашната гарнитура на власт, т.е. Владата на Република Македонија поседува доволни професионални знаења , поседува доволен професионален квалитет за на овие работи да успее да им претходи, а не да задоцни за да се занимаваме пак со последиците. Ценам дека во наш интерес е да вршиме напори уште повеќе присутниот квалитет и интелектуален, професионален, културен и економски што го поседуваат иселениците признавам во прв ред Македонците и тоа воопшто не ми пречи, туку ме радува, но нека ни дозволат националромантичарите да кажам и за квалитетот што го поседуваат иселениците немакедонци, дека знаеме дека умееме да го поврземе со Република Македонија. Во тоа досега недоволно била вклучена Матицата на иселениците. Потребно е да се анализира дали има потреба и за министерство за иселеништво, или министер специјален. Тоа е работа за која може да се разговара, може да се оцени и процени и тоа е работа која не претставува никаков сериозен проблем.

**ЕШРЕФ АЛИУ:** (Продолжение)

Проблемот е што граѓаните на Република Македонија надвор во дијаспората на најдобар начин во нивен интерес и во интерес на сите нас да бидат поврзани со Република Македонија. Материјалите доставени од асоцијацијата со седиште во Гевгелија, тоа не го обезбедуваат. Тие материјали, заправо актуализираат проблеми со многу тешки последици. Таа асоцијација веќе јавно преку документи се занимава со политика, што значи откажува од програмската определба да биде хуманитарна, да биде културна, да се бави со поврзување на иселениците од овие простори преку хумани, културни и економски активности и потреби. Тоа значи во најмала рака еден директен удар на сето постигнато многу мачно до сега особено од 1990 година па наваму, тоа значи негирање на најнихилистички познат начин на сето тоа што е направено добро до сега, тоа значи на виделина излегува едно невидено мегаломанство на кое апсолутно не му е местото во овие простори, длабоко сум сигурен дека е директно против интересите на самите македонци. Овој пат нема потреба да кажам дека е на штета и против интересите на сите граѓани на Република Македонија.

Овие документи како да се препорачани од сите деструктивни сили кои апсолутно не им станало до тоа да на овој мал Балкан просперира една демократска Македонија, на овој Балкан да се оформи и до и до крај да се заокружи и национална припадност на Македонецот, на овој Балкан на оваа мала земја сакаат да се затворат сите перспективи оваа нација да просперира на овие европски простори, па ние почитувани пратеници на оваа работа треба да обрнеме повеќе внимание, тоа ни е морална обврска на сите нас.

Понатаму, актуализира прашања кои во науката веќе се завршени и заокружени, актуализира најмалку потребна работа за преиспитување

на потеклото на македонската нација. Тоа е најдиректен акак најнизок удар на оваа млада нација. Си става уште прашалници, проблеми дали е оваа нација до сега доволно историографски докажана и само докажана, си игра со чувствата на чесниот македонец да помисли а, па јас не сум македонец, па моето потекло не е славјанско, па види види јас сум бил потомок на Филип II или на Царот Василие, па дај да се преиспитаме. Па до кога вакви непотребни работи во најнепогодно време, во едни помирни времиња, во една сосема нормална атмосфера, во една економска поуспешна, подобра благосостојба во Македонија. Дајте во институциите, во Академијата на науките нека разговара и за тоа, па таа академија нека достави материјал ќе раправаме и во Парламентот ако е потребно, но не на ваков начин господа пратеници.

Тоа што ме плаши, сакам да обрнам внимание како заклучок што нудат овие документи. Заправо нудат една изолирана Македонија, една Македонија што би ги отворила апетитите токму на сите соседи а тоа значи преточена во јазикот на разумот, јас сум против Македонија. Е, тоа не смееме да го дозволиме. За оваа прилика моја должност како граѓанин е од позиција на граѓанин на Република Македонија ми беше да обрнам внимание на овие работи.

Што нуди демократска Македонија, што нуди Македонското општество кое ќе се развива во перспектива врз базаментот на граѓанско општество, ценам дека на сите нам ни е ногу јасно,, на сите наши партнери, на сите наши симпатизери во државата и надвор од неа дека заправо нуди просперитет на оваа држава Македонија, нуди просперитет на сите граѓани на Република Македонија,нуди просперитет и напредок на самата македонска нација и на вурајот сакам да укажам дека длабоко сум убеден барем ние пратениците, за обезбедување на перспективата немаме потреба по секоја цена да се повикуваме, да го чувствуваме

неопходниот штит на националната припадност. Би било добро да отвориме можност на една расправа на сосема други согледувања, врз сосема други видици, погледи и можности и на опстојувањето и на просперитетот на Македонија и на прв план на македонската нација. Мислам дека ќе создадеме можности и претпоставки национал - романтичарите да се чувствуваат за големомакедонци, национал - романтичарите албанци да се чувствуваат големоалбанци. И за другите околу нас да не излегувам надвор од Македонија. Наша должност е да обезбедиме перспектива, а не со векови да се враќаме назад, бидејќи кога доаѓаат луѓето и разговараат конкретно бараат од конкретната личност став и бараат гаранции за перспективата а не викаат на помош ни Александар Македонски, ни Филип, ни Василие II, или кој друг македонски цар на кого му е мило тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Џафероски, бара ена мала интервенција, па потоа му давам збор на господинот Гошев.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани пратеници, господиниот Стоиле Стојков и овој пат служејќи се со тоа што секогаш се служи користејќи ја печатарската грешка наместо Социјалдемократски сојуз, наместо буквата "с" напишана е буквата "а", тоа се однесува на поднесените заклучоци од моја страна ди од страна на господинот Славе Наумовски, кажа дека припаѓам на некоја нова партија. Епа. за разлика од господинот Стоиле Стојков кој овде јавно пред извесно време кажа дека сеуште е во ВМРО-ДПМНЕ, јас и сум во Социјалдемократскиот сојуз и ќе бидам веројатно до крајот на мојот живот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ова да се сфати како исправка на едно излагање кое се заснива на интерпретација на основа на печатарска грешка.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, јас сум од тие што мислев дека не треба да се расправа на Собранието за ова прашање и мислам дека од ваква расправа на вака поставени прашања нема многу полза да има особено не на македонското национално единство кој збор е многу употербуван од сите страни. Но, се изгласа и нешто сум должен да кажам и јас и поради некои други причини, бидејќи бев спомнуван во печатот и на индиректен начин.

Со неколку тези низ жестока пропаганда би рекол, зборот е можеби прејак, но многу ми личи на коминтерновскиот арсенал, без оглед кој на која партија припаѓа со дисквалификации и застрашувања се сака да се втемели како вистина, како вистински постоечки постулат и да се расчисти со некои прашања кои се оценуваат како стравични во врска со овие конгреси, а квалификациите морам да видам и од како се вратив од Америка и Канада ме зачудија и ме подисплашија колку беа силни и колку се тоа силни зборови. Наводно, не наводно може да е нападнато македонското единство и речиси е пред крах од напишаните зборови кои ги читаме и во таа национална програма и во некои други материјали. Нападнато е македонското национално единство тоа што посебно и позамашно го нема многу и што не се погрижиле во врска со тоа многу и од напаѓачите и од оние што се доведуваат во состојба да го бранат тоа македонско национално единство.

Загрозена е државата Македонија од еден напишан текст. Плодовите на една политика се загрозени ќе паднат во вода, иднината на Македонија, бидејќи некој потпишал или кажал невистини, неодмерености и слично на тоа. Дека се кажани зборови или запишани од еден или повеќемина што можат да произведат речиси катаклизматична иднина за Република Македонија и воопшто.

VII/5

Со кажаното се исплашени и Грците и Американците и сите што треба да се смилуваат и да ни подарат слободна држава и полупризнат идентитет и да ни одредат некој нов меѓународно договорен, регионално договорен балкански или билатерално договорен, во секој случај некој модифициран идентитет.

Јас сепак се прашувам дали, се обидувам да размислувам објективно, дали сум објективен незнам, дали конгресите едниот или другиот претежно овој на кој се јавува како организатор господинот Петров со некои бизнисмени, дали се толку опасни, катаклизматични, како што реков посебно овој што излегува од контролата на актуелната власт или поединци од актуелната власт или нека биде ако сакате и од целината на актуелната власт. Дали напишаните точности и неточности се вулкан што ќе не разнесе сите државата што сеуште не е дооформена чие признавање не е довршено, без разлика какво е, почнато. Дали овие зборови напишани понекаде изречени од поединци, од групи помали или поголеми навистина го разнебитуваат макеонското национално единство баш овие зборови. Верувајте овие денови размислувам интензивно која е силината на овие зборови и носителите на сето тоа. Дали оваа хистерична пресметка, извинете за овој збор, но многу ми личи на тоа има реална подлога во наведените стравувања или е погодна или е и погодна ако сакате нешто поблаго за создавање на единство на мислата на еден друг познат начин го нарекувавме или го нарекуваат болшевичко – комунистички линч кој има за цел диригенство од еден или еден центар идеолошко политичко и секакво единство што ќе ја униформира мислата, активностите и се друго така што ќе стане пак излишно да се мачиме и со политичкиот и со економскиот плурализам. Има ли целиот овој театар некаква врска со дневно - политичката битка за власт која не бира средства, има ли некаква врска со одбегнување на главните теми, прашања,- проблеми внатре во Републиката од кои вистина зависи

единството и внатре и единството на македонската дијаспора односно воспоставувањето позитивна соработка на стратешките прашања.

Овие прашања ги поставувам вака општо до секого и до никого, до себеси и до сите вас едноставно само за размислување. Ми даваат ли право на ваква размисла неколку ситници за некого веројатно маргинали кои не заслужуваат ни трошка внимание ни трошка одвлечена енергија која треба да е или е насочена кон мега прашањата со кои е преокупирана нашата легитимно избрана извршна власт.

Одам во Америка и Канада на покана на Горѓи Атанасовски и на покана на истите луѓе кои пред три години ме поканија да присуствувам како гостин на Обединетите македонци и каде што присуствувале десетици и стотици личности од политичкиот живот на Македонија и што ќе присуствуваат и понатаму кај истите луѓе и ќе бидат поканувани и понатаму и ќе се среќаваат, ќе ручаат заедно итн. Со покана да се сретнам со повеќе луѓе да ги изложам моите ставови и ставовите на новоформираната демократска партија. Го правам тоа на добар или лош начин, индивидуално секој оценува. Се враќам читам што сум рекол и се прашувам дали јас сум тој или е некоја грешка. Насекаде имало карти со голема Македонија. Не сум се оградил, сум бил таму со Љупчо Георгиевски, а тој тука во Скопје. Зошто баш сега сум бил таму, што се крие зад тоа. Државната телевизија брз реагира. (Негодување во салата) Дозволете ако сакате. Еден угледен уметник - артист кого посебно го ценам е ангажиран да ги нарече тие луѓе што биле таму шпиони. Многу позната реченица. Го почитувам и се чудам а посебно го почитувам и нему и на моите довчерашни партиски другари зошто си ја зема или му ја даваат улогата на маскота на дневната политика на таа партија кога не и е потребна, едноставно. Можеби затоа што син му е во власта сегашна, а јас мислам дека син му е многу способен и може и без тоа да се избори

пак да биде на власта. Слично како и на еден друг кој пишува писма во "Нова Македонија" бољшевичко комунистички диносаурос кој има само четири до пет општествени стана земено од нашата сегашна држава можеби затоа што му смета Гошев и можеби затоа што некој од власта ги користат неговите неуморно писмо пишувачки способности. Не му го спомнувам името затоа што има добри деца, добри сино- ви, затоа не му го спомнувам името.

Државен новинар во "Нова Македонија" оди на брифинг кај највисокото раководство да дознае како да напише за конгресите и пишува за конгресите, се разбира, да го оцени тоа што се случило таму. Јас бев таму , не сака да ме праша што видов таму, што сретнав и кој е мојот елементарен впечаток. Добро, не ми верува можеби има право заради искривувања го пишувам текстот за тоа што сум говорел во Америка и Канада е, текстот може да оди само во рубриката писма, бидејќи така бев напишан а јас пак не сакам да напишам писмо до тие што од повеќе илјади километри оддалечени знаат подобро од мене што сум правел и што сум рекол. Бидејќи тоа не го прифаќам понудата е плати си го просторот во "Нова Македонија", па ќе биде така објавено како си напишал. Добро значи тие за земање плата ги извртуваат моите ставови, а јас треба да платам за да им одговорам на извртените ставови. Тие не во рубриката "писма", јас во неа.

(Пратениците реагираат дека не дискутира на темата)

VIII/1/пј/см

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (Продолжение).

Ова е на темата. Инаку, никогаш во животот не сум промашил тема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку, ако овие денови можеше да следиш господине Гошев, јас бев предмет на разни интриги и напади, па никого не го окривувам во штампата. Си пишуваат новинарите слободно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, вие сте демократ голем. Повелете, сега натаму. Знам, како се однела штампата. Нема врска. Немојте ве молам. Дајте за документите, за конгресот, кажете што имате.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Ќе чуете по ред, само стрпете се малку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тишина, господине Јованов, вие не претседавате, не водите седница, седете си мирно таму.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Но, во истиот ден, Министерството за образование дава објаснувања, заради тоа што беше нападнато овде и заради тоа што беше попречено да се брани овде, тоа објаснување е поместено во Нова Македонија, затоа не се плаќа, се разбира. А новината ни е независна и недржавна.

Завчера пак, изјавата што ја дадов со име и презиме напишана е со други велат, а другите се цитирани и тие цитираните се од коалицијата на власт.

Телевизијата, пак , државна ги бара за разговор тие што не биле на таа конвенција. Се мачи да не даде јасна претстава за основачкото Собрание на Партијата и го сместува таму со некакви секунди.

VIII/2

Ги разбирам јас наполно, се плаши раководството да не биде сменето од демократи, либерали, што се за слободен и независен печат. Тоа нешто по малку се случува и со конгресите. За жал манипулацијата дозина, искривена информација, скриени факти, се во функција на единствено исправните потези на некои од актуелната власт. Но, веднаш по мене некој може да каже, ете седница на Собранието, па кажи. Па, затоа и кажувам по нешто од ова,ама не сум убеден дека расправата на Собранието за ова прашање за невладина организација е баш среќно одбрана работа и дека тоа ќе го зголеми единството, како што реков меѓу македонците и дека има навистина многу потешки прашања за кои што треба да се расправа и многу други прашања од кои вистина зависи единството внатре и надвор во дијаспората. Сега, да не помисли некој дека јас се согласувам со се што се случува во врска со конгресите или особено со некои ставови што послужија да се дигне толкава врева во врска со нив, да го кажам следното. Нешто од тоа или повеќе, веќе го кажав во огласот во Нова Македонија, која што ја читам некаде од 12-та, 14-та годишна возраст.

Прво, неопходноста од организирано лоби во странство, заради остварување на интересите на македонскиот народ во целина и подобрување на положбата на македонците во дијаспората е повеќе од потребно. Тоа е неспорна потреба и тоа нашата историја е преполна со лупинзи од таа природа. Имаме прилика како други народи се бранат и како си помагаат. Го имаме примерот на Израел, го имаме примерот и на Грците и тогаш кога апсолутно не се во право и го имаме примерот и на други народи. Нашето лоби е неорганизирано и обидот за формирање е со големи задоцнувања. Тоа е елементарен факт. Тоа дали одовде е

вината, дали оттаму е вината, дали е заедничка, тоа е друга расправа. Несогласностите и поделеноста постои, но таа датира одамна. Таа поделеност е произведувана и однатре и од странските влијанија со познатиот историски пристап, а јас бев сведок кога пред 3 години бев поканет и какви се информации добивав за антимакедонштината на македонската дијаспора. Па отидов таму, видов исти души, исти лица, како и овде што живеат,исти страдалници, исти носталгичари итн.

Второ, постојните поделби имаат вистина историско наследство, но се подгреваат и дневно политички. Кој колку од нас учествува во тоа, ние имаме субјективен пристап во врска со тоа. Голем дел од поделеностите произлегуваат од разликите што овде ги имаме во врска со важни стратешки прашања и поради неразјаснетото, неусогласеното во врска со тоа што е краткорочна, што е долгорочна стратегија, што е можно што не е можно во дадениот историски момент, во актуелниот момент. Тука имаме комплетна неразјаснетост.

Домашното производство на непријатели, а ние сме полни со расправи од тој вид во ова Собрание, во овој парламентарен состав, се рефлектира и во дијаспората и оттука се пренесува тоа директно таму меѓу тие луѓе. Во обидот да се отфрли, конституира некое позначајно лоби во странство, токму тоа, таа ситуација овде што се случува го отежнува сето тоа и ги прави актуелните делби, заради тоа што не е баш многу често се покажува желба за искрена, за честита соработка помеѓу актуелната власт и она македонско иселеништво. Ако нема консензус, почитувани пратеници за тоа дали воопшто може да се разговара за измена, за измени на името и во името на Република Македонија, тоа не може да обединува и еден од новите импулси за делбите се таму токму на ова прашање. А секој го објаснува на свој начин овде, актуелната

власт на свој, опозицијата на друг начин и едната и другата, се разбира има право да го објаснува на свој и на друг начин. Али, генезата денес актуализирано тоа прашање токму оттука почнува. Тие што се обидуваат, што се обвинуваат за раздор меѓу македонците и граѓаните на Македонија воопшто внатре во Република Македонија или надвор во дијаспората треба да се за- прашаат што сами сработија на тој план. И тие што инсистираат на единство, исто така. Или единството го замислуваат нашата формула е таа. Прифатете ја заради единството, бидејќи ние најдобро знаеме што е државниот интерес. Така ни случајно нема да се изгради единството, бидејќи тоа ќе биде само еден затворен балон, кој што во одреден момент ќе пукне. Не сум убеден како што реков дека оваа расправа по трет пат повторувам, ќе биде придонес кон тоа. Ако за настап и истап, нека биде и така квалификуван на невладина организација, расправа, добро во неа си зел улога некој член на овој Парламент или некои членови од овој Парламент, па се става тоа на дневен ред со претходни квалификации какви што ги чувме, тогаш зошто таа иста извршна власт не бара расправа за тоа како можел шефот на една парламентарна групација, која е коалиционен партнер во извршната власт да постапува спротивно на интересите на Република Македонија, отворено да го бара нејзиното непризнавање итн. А тоа да не ја побуди извршната власт тоа прашање да го стави на дневен ред. Мало ли е тоа судрување со Уставот на Република Македонија, со член 1, 2, 3, со кој сакате. Но, ги разбирам јас и околностите. Во согласност ли е тоа со интересите на Република Македонија, со Уставот. Подлежи ли некој вид тоа на законска одговорност. И за ова прашање, дојдеме до прашањето за законска и кривична одговорност.

Трето, мојот став и ставот на раководството на мојата партија, претседателот опоменуваше да не ги споменуваме е дека не се потребни повеќе светски конгреси. Тоа упорно го подвлекувам и овде и таму каде што бев. И дека би било корисно да се направат напори да дојде до обединување на активностите, лицата впуштени во таа активност да најдат компромис, разбирање за најкорисниот начин во остварувањето на целите, потребите на македонскиот народ и македонската држава. Тоа секаде го говорам на ист начин како и овде. Но, мора да се води сметка дека се работи за невладина организација, прво, дека секој има право на организирање, здруженија, партии итн. низ кои ќе се залага низ демократски методи по институционален пат да ги остварува и шири своите заложби и ставови. Секој има индивидуално право во крајна линија на своја индивидуална глупост. Ќе се пропише декрет, заплашени ли сме дека таа евентуална глупост може да биде прифатена пошироко и на тој начин да бидат победени паметни, умните. Тогаш каде ќе биде проблемот ако тоа се случи. Во умните или во другите. Е, ова ќе му наштети на процесот на признавањето на Република Македонија. Некој нацртал етничка карта на Македонија. Јас знам дека Грците тоа го ползуваат и ќе го ползуваат. Лично не би им дал ни таков смешен изговор на таа фашистоидна политика. Но, цртањето карти ако не е од страна на државен орган и не е државна политика, а тоа 100 пати и милион пати е кажано е сепак приватна лична работа и лична занемација. За тоа не може да се линчува, да се казнува, да се затвора. Зарем во Грција нема исти или слични постапки. Тие до душа практично исцртаа друга карта на сметка на македонскиот народ, на македонската држава. Исто така, може ли луѓето во дијаспората да ги натераме да си го исечат делот од картата на кој што им се наоѓа родното место. И

точни ли се оние квалификации кога еден ќе отиде, па ќе биде опкружен со карти етнички на Македонија и тоа ќе биде насликано веднаш во весниците, а кога друг ќе отиде, вклучувајќи го и претседателот на Републиката, бидејќи и тој каде што разговара над него висат етнички карти од тоа во тој даден момент во Македонија нема создавање на проблеми. Треба ли ние самите тој проблем да го правиме толкав проблем, колкав што всушност не е. Добро ли е, на пр. ние сега да утврдиме став за некои покренати прашања од далечната историја овде во Парламентот. Дали е добро? Еве имаме и предлог и оценка од страна на Владата. Има и компетентни личности во Владата што ја разбираат таа проблематика повеќе и од мене. Да заклучиме, на пр. дека тоа е така дефинитивно и заради тоа што сметаме дека е вистина и заради тоа што ете не притиска соседот не оптужува за присвојување на неговата територија, а ние немаме ни трошка таква намера. Значи ли тоа од тука ќе соопштиме. Повеќе нема истражување во минатото. Сета вистина е откриена. Да се разбереме, јас не сум учел ништо друго освен словенското потекло на денешните македонци. Сам ништо не сум истражувал, ниту читал друго освен официјалните учебници во врска со таа материја. За мене е доволно дека се конституирала македонска нација, дека сум се родил со човек, дека сум оформил свест, дека сум припадник на посебен народ македонски и дека тој факт нема никакви други дополнителни односно тој факт не можат никакви други дополнителни вистини да го изменат. Ќе го бранам тоа сознание и тоа право на- посебност, ќе мислам пред се, на мојот и на нашиот сегаше живот и на оној што не очекува понатаму, а тоа ни е најтешкиот проблем. Ако ваквото пишување на националната програма, на историјата на македонскиот народ од луѓе кои не се почитувани за некакво посебно педигре во таа сфера, во полето на историјата, на науката, некого го плаши, тогаш проблемот ми се чини дека повеќе лежи во тие другите

луѓе. Ако има аргументи сето тоа да се собори со едноставни и јасно утврдени факти. Но, пак ќе уследи одговорот на тоа дека пак истиот ете пак ги лутиме Грците. Па, добро, сега тоа го прави некое здружение или Тодор Петров или незнам кој.

На крајот сето тоа ќе стане, господа, многу смешно ако се користи како алиби за некој евентуален неуспех на планот на меѓународното признавање на Република Македонија. Евентуалниот неуспех, инаку, јас верувам во успех во врска со признавањето на Македонија, може да биде, прво, од пошироките игри во врска со Македонија, кои што сеуште не се завршени и второ, од наши поголеми слабости, отколку исцртувањата на некоја карта од некого или лошото толкување на историјата, пак од некого, а тој некој не е државен орган, не е влада итн.

Четврто, мојот став е воопшто дека политиката за Република Македонија се утврдува во Република Македонија, во нејзините уставни институции и никаде поинаку и никаде на друго место. Тоа значи дека и одговорноста за состојбите и за судбината на Република Македонија е пред се на жителите, на државјаните на оваа Република и на власта добра или лоша во оваа Република. Не може да стане збор за изместено одлучување за центри што би дејствувале од надвор врз одлучувањето внатре во Републиката. Но, јас не добив впечаток дека луѓето во дијаспората токму тоа го сакаат, а разговарав со стотици и стотици од нив. Поединци можат да мислат и да сонуваат како им е драго и како сакаат. Но, тоа не може ништо да измени, бидејќи сонот секогаш е сон, а реалноста секогаш е реалност.

Петто, според тоа ние може да бидеме и сме само за организирано лоби,кое ќе биде дополнителна помош на напорите за остварување на интересите на македонскиот народ и за лоби кое во белиот свет ќе

развие активности на меѓусебно помагање на секој македонец што се нашол во тие средини за правата на македонците како индивидуи и етнички заедници, за ширење на вистината на македонскиот народ, историја, култура, бидејќи очигледно уште има потреба за тоа и веројатно многу долго уште ќе има за борба институција не насилна за признавање на националните права на Македонците во сите соседни држави во кои што ни се земени големи делови од македонската територија.

Корисноста од соработката со државата наречена Република Македонија сама по себе се подразбира и државните институции секогаш мора да тежнеат и тоа лоби организирано таму да тежнее кон соработка меѓусебна бидејќи само така кон обединети цели можат да се постигнат некакви позитивни резултати. Но, исто така мора да се каже и штетноста лобито и лобистите, луѓето во дијаспората да се дисциплинираат според ставови на поединци или партиски раководства, или од тие позиции да се манипулираат или од нив да се прави државна, задгранична експозитура. Грижата кон македонците е многу попрозаична. Ако таму одите и ако секој втор ви вели нема една канцеларија каде што ние можеме да добиеме пасош, каде што за еден пасош ни се наплаќаат разни посредници 200 до 500 долари и слично на тоа, сите други големи зборови за единството и за грижата паѓаат веднаш во вода. А тоа го повторуваат сите. Вистина е невистина треба да знаат односните државни органи.

Шесто, преку искривување на тоа што сум го рекол некои сакаат да вршат политичка пресметка и со други и со мене, што сепак во крајна линија е вообичаено и вака посебно не ме загрижува. Да кажат на пр. зошто си бил таму, а јас немам никакво ограничување на движењето некој податок од надлежните органи дека не смеам да одам ваму, да се сретнам со овој, да се поздравам, да разговарам и слично.

VIII/9

Јас мислам и во иднина, а тоа го мислам и за секого да одам секаде каде што се говори за проблемите на Македонија, каде што се бара да се чуе моето скромно или нашето скромно мислење и секаде ќе инсистираме на консензус по стратешките прашања за македонската држава. Таму каде што нема да не канат, како што не ме канеа на конгресот на господинот Битов, се разбира како непоканет не можам да одам и да присуствувам, инаку, ќе присуствував ако бев поканет и на тој конгрес.

Во врска со работните документи, не би сакал да говорам за нив. Кажани се доста зборови во врска со нив. Тоа се работни документи на едно здружение, граѓанска организација, поединци итн. Но, само да кажам дека, а тоа сум го соопштил на тие што го подготвувале и на други и на сите дека не се согласувам со дел од изнесените ставови во нив и верувам дека ќе бидат коригирани, како што најавил и самиот автор на тие документи. Моите ставови не се под нивото на Уставот на Република Македонија во врска со дефинираните стратешки прашања за Република Македонија и во врска со прашањата за демократијата индивидуална или меѓунационална во Република Македонија и таму го употребив зборот националности прашајте вие од господата други кои го употребиле тој термин таму. Таму го бранев граѓанскиот суверените и дека суверенитетот произлегува од индивидуалните права на граѓанинот. Можеби воопшто имавте прилика да прочитате. Ако такви ставови повлекуваат сега, мислам на оние ставови што се запишани овде во оваа национална програма, ако повлекуваат законска односно кривична одговорност треба да реагираат надлежните државни органи. Во спротивно, господа, оваа расправа добива карактер на партиска, идеолошка расправа. А тоа верувам дека не го сакаме и не го сакате.

VIII/10

Но, досега надлежните органи не реагирале на евидентни повреди на Уставот на Република Македонија во други ситуации кога се работи за повреда на клучни одредби од Уставот. Оптужбите, квалификациите што се изречени према документите и активностите на господинот Петров или светскиот конгрес во конституирање се стравични. Кога ги читам вели:

**ПЕТАР ГОШЕВ:(**продолжение)

...вели "штетни последици врз стабилноста на Република Македонија". Квалификација , парекселакс. Се загрозува потребата се заговара потребата од некаква нова држава Македонија. Се заговара менување на граници, во текстот и во соопштението, Информацијата на Владата. Се нудат други институции, други граници, други внатрешни позиции и односи, се нуди пат во неизвесност, нови делби и незразрешливи конфликти. Програмата на Конгресот претставува посебна опасност. Тоа се квалификации во Информацијата од Владата.

Од ова произлегуваат две-три прашања, работни, или не работни, конкретни, или што?

Прво, Тодор Петров ќе треба, и самиот рече дека материјалот е во фаза на доработка и менување и убеден сум дека секој во врска со тоа ќе размислува постојано.

Второ, ќе треба ли Владата да ги провери уште еднаш некои квалификации за опасностите и штетноста, па и катаклизматичноста на оваа граѓанска иницијатива во дијаспората, макар таа била покренувана со учество и на луѓе од овде. Уште еднаш, ќе треба ли Владата да ја погледне таа Информација уште еднаш? Зошто? Ако сите квалификации останат, прво, ќе се бара ли симнување на пратеничкиот имунитет на господинот Петров и ќе поведат ли државните орган" законска кривична одговорност, ако ѕ тоа сето така. А јас говорам за надуеноста на зборовите, за големите зборови и затоа што од тоа ништо нема да произлезе на крајот посебно страшно за македонската држава, иако не се согласувам , како што реков со некои ставови.

ако не, ќе значи ли тоа ти или вие , вршите флагрантно кршење на Уставот по најосетливите точки, но ние добрата и хумана власт ќе простиме, нема да го примениме Уставот на РМ како санкција за оние постапки што ги правите. Ќе се сведе ли во тој случај господа прашањето на навистина политичка расправа , на партиска, на идеолошка, а тоа е срамота.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Владо Поповски, министер во Владата , побара збор.

(реагирање на пратениците)

Има право Владата во секој момент да се јави за збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ќе се обидам да бидам сосема краток, тргнувајќи со ставот дека потребата од расправа за мене лично не е потреба да се суди за статусот на една невладина организација и на едно здружение кое што сигурно дека својата судбина ќе ја регулираат во рамките на уставните норми прочитани така како што ги прочита г-динот Тодор Петров но мислам дека има потреба од расправа барем за да стане јасен односот на Владата , имам чувство, и на Парламентот во однос на документите, особено на националната програма бидејќи станува збор за утврдување на основните македонски национални интереси, основите на македонската нација, како што рече г-ѓата Димитрова, македонските стратегиски интереси, или како што рече г-динот Гошев, прашањето на македонското национално единство. Тоа се многу крупни прашања по кои кога веќе имаме една национална програма, независно што е во асоцијација на невладина програма треба да се покаже на еден начин

односот и само односот кон таа програма во смисла кои темели неа ја фундираат и врз кои линии се дефинираат македонските национални интереси. Тоа е неопходно затоа што на искажаниот однос може во ова сложено деликатно време да претставува, така да се каже, една небулоза на официјалната власт, бидејќи, молчењето иако не значи потврда, во секој случај молчењето не значи ниту оспорување. Имаме доста причини на пример да приговараме на официјалната српска политика кога декларативно кон Македонија се однесува, по наше мислење конструктивно дека нема никакви претензии кон Република Македонија. Имаме доста причини да не веруваме во таа декларативност тогаш кога на ниеден начин не се произнесува, на пример, во однос на ставовите на Српската Православна Црква и во однос на низа кругови, неформални, невладини кои што ја негираат Македонија, македонската нација и државност. Аналогно има потреба да се создаде таков однос и тоа чисто како однос кој што ќе покаже делење на позицијата, или дистанца од таа позиција што е предложена. И само тоа, по мое разбирање е смислата на расправата и кај Владата и кај Парламентот.

Јас ги читав документите и накратко само да кажам дека членот 2 , на членот 2 комплетно му противречи членот 9 од Статутот. Иако таа асоцијација е невладина, хуманитарна и добротворна по својот карактер со цел на културно, духовно, социјално, економско обединување на Македонците, членот У во многу алинеи покажува дека практично таа асоцијација се политизира , дури и до степен, на пример на алинејата значајна и од становиште на ресорот со кој јас во овој момент располагам, дури до степен на функција на една воена формација. На пример каде што се вели дека Конгресот предлага и превземе, потенцирам превзема мерки и активности , потенцирам активности за обезбедување на територијалниот интегритет, суверенитет, самостојност

и независност на Македонија, што е примерно функција за определена државна структура во случајот на структурата на одбраната. Но, ќе ги напуштам тие противречности во самиот текст имајќи чувство дека во секој случај оваа невладина асоцијација има зададено примерни крупни политички цели и предвидува низа активности од тој тип. Јас ќе се задржам само на еден аспект - како е фундирана националната програма, врз која основа, кои се историските темели со една теза што мислам дека може да се докаже ако се елаборира дека се злоупотребува историјата за политизација на определени однапред поставени цели. Еве како таа теза функционира низ текстот со една куса елаборација.

Прво е поставена целта за обновување на Македонија и за преземање на мерки за опстанокот на македонскиот народ. Тие две основни цели се фундираат по две линии. По линија на континуитет на етногенезата на македонскиот народ и по линија на континуитет на македонската државност. Коренот и на етногенетската линија на македонскиот народ и на македонската држава е заснован во античка Македонија. На таа линија практично објективно читајќи ги политичките импликации и нужно се доведува до заклучок и се доаѓа нормално до заклучок со сите принеси дека Република Македонија е дел или парче од античка Македонија како држава и земј адека македонскиот народ е раскинат и е само на дел на својата територија онеправдан, па на таа основа се бара обновување на Македонија во тие граници. Или на пример се бара меѓународна конференција за обезбедување на опстанокот на македонскиот народ. Што значи објективните импликации , независно дали биле во намерите или не биле во намерите се пренабрегнуваат на постоењето на оној историски процес, кој што ја има

создадено реално Република Македонија како држава на македонскиот народ, како држава на граѓаните кои што живеат во Македонија, кои што ја имаат создадено Република Македонија која што го фундира опстанокот на македонскиот народ и која на таа основа може да ги воспостави релациите со деловите од македонскиот народ што живеат во соседните земји и се занемарува, така да се каже државниот статус не само од становиште на внатрешно-политичките односи, туку од становиште на меѓународната положба на Република Македонија. Се враќа историјата на почетокот, или се доведува под прашање она што е изодено, верифицирано, она што е конституирано.

По линија на континуитетот на државноста со цел да се докаже потребата од обновување на Македонија и на опстанокот на македонскиот народ се прави еден вистински галиматијас во историските факти и се редат во низа историски категории, поими и настани кои што во ниеден случај не можат да бидат во континуитет. На пример во таа смисла самоиловото царство се смета како второ македонско царство, на некој начин се доведува во врска со првото македонско царство, со македонското царство во континуитет кое што доживува врв со Александар Македонски, што е во секој случај апсурд. Во рамките на тој континуитет на државноста како македонски императори во Византиската држава , меѓутоа, кои што припаѓаат на ист етност или на ист народ се осумте императори и двете имераторки, што значи дека ако Самоил е во континуитет со Александар и овие во континуитет со нив тоа значи дека тие се припадници на иста државност, а се знаат позициите на македонската династија во Византија и на Самоиловото царство , кое што во еден историски период, во времето на Василиј II двајцата се

практично смртни непријатели, а Самуиловото царство е контрапункт на самата Византија и својот идентитет можела и може да го оствари и докаже само како контратеза на самата Византија. И како таква и пропаѓа тоа Византиско царство.

Во тој ист државно - правен континуитет се ставаат и срп- ските деспоти, а тоа е Кралот Волкашин кој што прв пат се нарекува тука во овој материјал македонски крал Волкашин. Станува збор за српски феудалец на фамилијата Мрњавчевиќи, кое што во рамките на Урошевото царство, како наследство на Душановото царство самиот се прогласува како моќен феудалец на територијата на Призрен, Скопје и Прилеп за крал = а Урош мора да го признае за крал затоа што е слаб, а е крал само шест години, од J.J65 до 1J /1 година. Сега доволно со историјата. Доволно....

(реагирање на пратеникот Флоровски)

Дозволете, јас како член на Влада. Сега само заклучокот што тоа значи по своите политички импликации.

Тоа создава една идеа која што не е воопшто нова , туку е многу стара. А тоа имено дека овој простор , на кој живее овој народ, каде што постои оваа држава не се идентификува како национален простор на македонскиот народ, така како што историјата го има верифицирано, туку како на народ чие што етногенеза е сеуште неразјаснета која што е многу посложена и структурирана многу повеќе отколку словенскиот елемент. На тој начин се оспорува карактерот на националниот идентитет на македонскиот народ и се поставува прашањето на почетокот.

По основ на државно - правните династии или линија се докажува дека овој простор е простор на околните балкански држави сосетки на Република Македонија кои што етнички се преклопуваат на територијата на Македонија дека населението во Република Македонија е население, збир на околните балкански народи владеено од различни династии од истите тие балкански народи. Таа теза доминираше после втората балканска војна, меѓу, Втората балканска војна и Версајската конференција, ја протежираа и српските политичари и српските социјалдемократи и Грците и Бугарите со јасни претензии кон Македонипј. Во таа насока сакам да кажам дека нивото на политичките импликации на оваа програма паѓа на една позната идеа во едно историско време, кое што не нудело никаква перспектива на осамостојување на овој народ како национален субјект, како државотворен субјект. Се надевам на крајот, со оваа реченица да завршам дека тоа не се намерите на авторите на овие текстови, меѓутоа, таквите невозможни историски конструкции апсолутно ги фундираат аргументите, или аргументацијата на таквите претензии кон Македонија.

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, продефелираа овде повеќе дискутанти. Секој дискутира од свој аспект и јас од мој аспект, бидејќи овде и доктор на науки свои мислења изнесоа. Ќе се обидам во кратки црти, колку што можам да бидам пократок да изнесам нешто што ќе биде во интерес на оваа точка иако како член на Комисијата за надворешно - политички прашања бев апсолутно да не се расправа пред Парламентот за оваа точка. Затоа што имаме многу попаметни, многу поперспективни прашања, закони кои треба да ги носиме во овој Парламент, а не да губиме денови и денови.

IX/8

Најпрво што сакам да укажам е тоа дека не смееме овој Парламент да го претвориме во јавна говорница како на некој симпозиум, а всушност пред малку тоа овде е покушано да се направи. Симпозиумите се такви места и трибини каде што учествуваат научни работници со фундаментирани акти, со документи и со се друго што ќе ја докажат таа вистина. Тоа да го оставиме на тие научници што работат на тоа поле нека докажуваат. Ние овде имаме една реалност и за која реалност треба да проговориме. А за тоа ако сакаме уште поголема вистина најдобро е да се упатиме во Ватикан и во западните земји, таму се крие целата вистина за Македонија, околу Македонија, македонската нација, етногенезата итн. За жал тие досега се сеуште затворени и ние во наредниот период ќе имаме можност и шанса да расправаме за тие работи и да откриваме.

Најпрво што сакам да кажам во оваа моја дискусија е тоа дека ова прашање не требаше да му се дава толкав голем публицитет, прво и прво од официјалната власт во Република Македонија и да се направи таков еден маркетинг во позитивна смисла на политичкиот врв и власта во Република Македонија со помош на мас медиумите, а од друга страна да се елиминира еден авторитет парламентарен, или да речеме опозиционен во овој Парламент, со што на политичката македонска сцена се повторува историјата.

X/1/JJ/лј

**ГОРГИ КОТЕВСКИ**:(продолжение)

Тоа е уништување на одредени луѓе, на одредена категорија на истомисленици итн. Ние во новото време, во оваа држава треба да градиме нови односи. А тие односи мора да бидат строго во национални и државни интереси. Ни како парцијално ни како дневно политички ни како интереси на одредени здруженија и политички партии. Тоа не смееме да го дозволиме. По ова прашање битни се два аспекти што овде се изнесуваат. Едниот аспект е на официјалната политичка власт на Република Македонија и другиот аспект е оној што се однесува на опозицијата или на оние луѓе што мислат поинаку во Република Македонија за одредени прашања и проблеми.

Јас ќе започнам со констатацијата дека Република Македонија во своето осамостојување и политичките субјекти кој продефилираа тука, на политичката сцена немаа јасно одредена цел за тоа дали оваа Република Македонија во бившата Југословенска федерација е за самостојна, суверена, независна држава или пак за некаква конфедерација или повторно федерација. И оттука започнува генезата на овој проблем на Република Македонија. Тие што немаат дефиниран став околу прашањето на самостојноста, независноста на оваа дражва, тие и ден денес како актуелна политичка власт го поставуваат прашањето на национална македонска држава или граѓанска дражва. Е па тоа е основата околу која се води борбата и се кршат копјата во оваа политичка конотација што овде ни се сервира во овој парламент а  преку мас-медиумите на Република Македонија.

И да се најде спас за таа политичка структура и политичка власт во РМ тие вешто и неприкосновено неколку години ја водат политичката борба на тој начин со исчекување, до крај кога ќе се созреат условите заземаат таков став каков што треба да се зазема, затоа што нема друг поинаков. И тоа не води се до денешен ден. Многу политички партии како

што беше и мојата ВМРО-ДПМНЕ - за македонско - национално единство. И дури иако сакате, и денес ако ние во Република Макротија како политички структури го поставиме тоа прашање, нема никаде да не одведе освен повторно кон таа програма што ја има ВРМО-ДПМНЕ - Македонско национално единство. И тоа е консензусот што ние требаше досега, за време од три години да го имаме во овој парламент, да го имаме во политичките субјекти во РМ. Но, за жал ние го немаме. И на политичката сцена во РМ се направи вештачка коалиција, која што и штети на националните и државните интереси на РМ. И токму заради тоа, во дадениот момент, во таа коалиција пукаат врските и се случува тоа што треба да се случи. Значи, за да се порази едниот мора да се фаворизира другиот. И во таа игра не се избираат средства ниту преку јавните гласила, ниту преку оваа говорница, ниту преку другите информативни гласила што постојат внатре во РМ и надвор, да се направи лично на одредени луѓе на одредени личности во РМ. Ние може би сме мала држава, мала нација, но имаме кадри што навистина треба да ги штитиме,и кои што навистина не треба да ги уништуваме, но во одреден даден политички момент да укажеме за одредени нивни негативни одредувања и да влезат во колосекот на националната и државната цел на РМ.

Но, за жал кај нас се случија два конгреси. Првиот конгрес на господинот Џон Битов и на политичкиот врв на Република Македонија. За да се направи некаков престиж за да се достигне некој чекор*со времето, на некој начин да се прилне кон таа ирационална идеја луѓето од политичкиот врв вешто, лукаво, за мене недипломатски се приклонија кон таа идеја и кон тој конгрес. И јавно преку мас-медиумите беше истакнато дека на секој му е чест и гордост да присуствува на еден ваков се македонски конгрес да се величат и луѓето, па да гледаме цели документарни емисии на македонската ТВ како тој истиот водач во

Америка со посебно лоби ги величи успесите на актуелната политичка власт во РМ итн. Што значи тоа? Ние одиме во едни нови тоталитаристички рамки. Одиме во една друга заблуда која што во минатото сакавме да ја оставиме, но перфидно на сосема суптилен начин ни се става на предна врата во политичката сцена на Македонија. Тоа е недопуштиво. И ние правиме голема капитална грешка.

Јас од оваа говорница сакам да истакнам дека не сум ни за прв, ни за втор се македонски конгрес. Сум за македонско национално единство, но тоа да е фундирано врз база на политички консензус на сите политички сили во РМ без разлика дали припаѓаат на одредена националност, на одредена нација, на одредена етничка група инт. Исто така сум за тоа, за македонско национално единство, но да е фунцирано врз база на научни институти, МАНУ, вклучена да е и македонската православна црква, исламската верска заедница итн., поширок политички консензус зад кој сите ќе стоиме во РМ. И таа заедничка цел, сите до еден, како политички структури ќе ја оствaруваме. И да ви кажам - национално единство, сите се лажеме ако мислиме дека од оваа говорница ќе направиме и со ваква точка на дневен ред. Ова е тотална катастрофа и тотална грешка што ние пропуштаме за една ваква точка овде да се дискутира. Паметните држави, паметни- те политичари, паметните дипломати тоа го прават на сосема друг начин, со други средства, со инкорпорирање на сето она што значи институции на системот во државата, културни,економски, политички;" верски итн., а не како што ние денес овде го правиме од говорницата. И да бидам искрен, јас навистина, сум разочаран заради една ваква нетактичност, недипломатичност, и незнаење на работите во РМ, како тие државни и национални интереси да ги доведеме до крај. И сосема нормално да бидам јасен и конкретен, ако одреден простор, одреден вакум во една

држава не е пополнет со стратешката национална и државна политика, мора да се најдат политички сили, било здруженија или политички партии да го пополнат тој вакум. И тогаш се случува негативното влијание, а ние, на овие простори како македонска нација, како македонска држава или како македонско граѓанско општество итн., сме во еден сплет на околности, во еден сплет на неприлики кај што треба најмногу да внимаваме. Секој наш чекор се мери затоа што ние имаме еден трнлив пат до оваа државно, до овој суверенитет до оваа независност на РМ. Ние не сме исто што е Бугарија. Ние не сме исто што е една Србија и не сме исто што е една Грција. Затоа ни треба да бидеме дупло попаметни, дупло поорганизирани, дупло по способни луѓе да активираме во таа надворешна политика, а и внатрешна, а не нашите луѓе да не водат сметка за националните и државните интереси, туку да водат сметка во Министерството за односи со странство кој на кое место ќе биде наместен и да зафати поубава позиција. Не му е нему до националните интереси. Не му е до државните интереси. Не му дошло до интересите и до иднината на оваа држава. Секој гледа да фати позиција во ова време или невреме и само личниот интерес да си го заштитува. А со такви интереси, со такви егоистички работи незнам дека во Република Македонија не можеме да имаме добра перспектива. Тоа се потврдува и денес.

Ако сакаме, исто така, да бидеме ние согласни по одредени прашања, мораме да седнеме и да разговараме, да преговараме и конечно да се договориме. Ние можеме да имаме било која политичка партија, асоцијација и здруженија, различен став, кон иселеништвото од РМ, без разлика дали се тоа по род македонци, албанци, роми итн., без разлика, ние мораме да имаме јасен став. И прво внатре во државата треба да ги подготвиме сите законски акти, почнувајќи од Уставот, за да создадеме основни претпоставки и услови за тие луѓе да имаат причина зошто повторно да се вратат во оваа Република Македонија. А не само

декларативно Македонија на Македонците. Не само декларативно ние како политички врв ете сме со раширени гради (покажува со раширени раце) ве чекаме во Република Македонија да ги оставите девизите, да ги собереме во банките и да ве вратиме повторно го лечи назад со куферите на печалба по белиот свет. Тоа е катастрофална грешка. Таквата политика нема да не одведе никаде. А тоа еве и денес ни се случува. Ни се случува пред нашите очи. Ваква точка на дневен ред не требаше апсолутно да држиме ниту пак да ја дискутираме овде . Зошто велам и првиот конгрес кој што беше одржан во Скопје, беше направена основна политичка грешка. А исто така, водиме ли ние сметка како политичари или како членови на овој парламент или како членови на државното раководство за одредени изјави во телевизијата, за ревидирање на Букурешкиот договор и за други нешта, кои што треба да бидат многу, многу посуптилни, кои што треба да бидат латентни , не треба јавно на говорница да се изговараат. Тоа треба да биде национална долгорочна државна стратегија, а не претходно на нашиот противник да му ги кажеме сите нешта и да одиме со отворени гради на прва борбена линија каде што сите до еден треба да изгинеме, и само со лажно херојство и со лажен патриотизам да се прекажеме пред јавноста.

Мудроста треба да биде во секоја битка да не дадеме ниту една жртва, а да победиме. Тоа е филозофијата, тоа е мудроста. Инаку, јас не гледам овде со овие ставови досегашни и во она што дискутиравме во Комисијата за надворешно - политички прашања, да имаме дециден став по ова прашање. И до ден денес ние сме манипулирани Формално постои таа комисија. Формално во таа комисија се изнесуваат некои прашања кои сакаме пошироко да се елаборираат во оваа јавност и да имаме еден консензус, но за жал три години поминаа ние сеуште тапкатаме во место. И страшно, навистина ќе не погоди оваа политичка

поларизација на силите во Република МАКЕДОНИЈА. Едни за една концепција, други за друга концепција. А можеби и двете се погрешни ако не најдеме заеднички јазик за една средна линија што ќе донесе целосен успех на РМ и како дипломатија и како држава и како економија кај нас.

На крајот сакам да укажам на тоа дека заклучоците од Комисијата за надворешно - политички прашања апсолутно не сум да се прифатат во парламентот. Затоа што овој парламент не може да сугерира или не може да наредува, како што беше тука случај и со амандманот на Голубовски, извршната власт да презема мерки итн. Извршната власт е извршна власт. Таа настапува во согласност со законите што постојат во РМ. Се што е надвор од уставот и законите, што подлежи на санкција или интервенција, извршната власт ќе си го спроведе. Тука нема дилема. Нема што овој парламент да зема некои ингеренции што не се потребни. Мислам дека тие заклучоци не водат кон никаков плод и сум за апсолутно да се отфрлат како неважечки.

И уште една забелешка што сакам да ја дадам е тоа на оваа информација од Владата. Не сакам целосно да анализирам ниту да ви одеамам време. Внатре има толку дилетански работи напишани што мислам дека министри или луѓе што работат во Владата не би требало да си допуштат такви формулации на реченици и такви невестини. Ако на една односно на другата страна на тој семакедонски конгрес се укажува на одредени неправилности, негативности итн., истите грешки се прават и во оваа информација на Владата на РМ. Јас мислам дека ваква информација не требаше апсолутно да дојде овде, во овој парламент. Ние требаше да имаме определен став или одредена точка околу консензусот во РМ, кој што често пати во овој парламент го изговаравме. Но, зошто до денеска не се случи. Конечно ќе завршам, а не се случи политички консензус во РМ затоа што актуелната политичка власт ќе беше ставена во менгеме или во доредени рамки во кои ќе мораше да

се движи. И тоа ќе беше еден основен коректив за било какво скршнување лево или десно. НО, затоа денес ни се случува и промена на името, ни се случуваат неприем во ЌЕБС, непризнавање од одредени земји заради одредено политичко лобирање на одделни политички партии во РМ, кои што се директно против интересите на РМ. И затоа ни до ден денес немаме таков консензус. Тоа вешто го користи акционата политичка власт, се со цел за да може да се наслонува, да се приклонува и на крајот кога ќе нема друг излез на она што мора да биде. И тука, е основната грешка. Јас повторно како и во Комисијата апелирам до сите вас, дајте да се договориме, ако треба Комисијата за надворешно - политички прашања да го иницираме тој проблем, да го доставиме како работен материјал овде во парламентот, нека има мислење и Владата и еднаш да седмене и да се договориме кои се националните и државните стратешки интереси на оваа држава што треба да ги води во идните 50 или 10 0 години. Инаку, се ќе биде лук и киселина. Ништо нема да направиме а само вака ќе го продлабочуваме јазот и ќе правиме антагонизам и ќе си ги јадеме сопствените деца, сопствените кадри во РМ. И тука се нафрлуваме на секој способен човек да го омаловажиме, да го отфрлиме од политичката игра итн. Тоа е катастрофално и не води кон добро, зашто кадрите во РМ не паѓаат од небо, тие макотрпно се создаваат, без разлика од која партија и од која асоцијација потекнуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници со осамостојувањето на Република Макротија и ослободувањето од едно умието, навистина, уште еднаш можам да потврдам дека е точно дека сме единствена земја од бившите така наречени комунистички да дискутира за нашата емиграција или за

X/8.-

нивните емиграции. Тоа се потврдува и е резултат на недонесување на декрет за репатријација на сите емигранти. Го користам зборот емигранти поради тоа што сметам дека од бившите комунистички земји само поимот емиграција постои а не иселеништво. На тоа укажав во една од претходните мои излагања од истата оваа говорница. Не сакам да го употребам зборот аболиција, тоа што се употребува во последен момент. Абониција претставува признавање на грешките на нашите емигранти, дали се тоа работи од политички карактер, или не, како сегашен парламентарец сметам дека немам право тоа да го кажам дека тие сегашни наши емигранти имаат некои гревови или во политичкото убедување или во нивните настапи. Затоа сите земји досега кои минаа од досегашното едноумие, претседателот на државата, во овој случај претседателот на Република Македонија требаше и мораше да донесе декрет, уште еднаш ви повторувам декрет за така наречена репатријација на сите политички емигранти. Доколку се донесеше ваков декрет никако ќе немавме право да дискутираме за сегашната наша емиграција. Зошто го користам овој збор емиграција? Видете, овдека постојано се потенцира а ние имаме така наречен измислен поим иселеништво. Ви тврдам дека од Македонија нема иселеништво. Имаме само 80, 90 и понатаму 50-тата година емиграција. Што е разликата меѓу иселеништво и емиграција. Прво и прво сите наши што живеат во соседните земји, во преку океанските земји се наши сонародници. Припаѓаат на еден ист народ, на Македонскиот народ. И ако ние овде сакаме да манипулираме 6о иселеништво и во последно време со воведување на еден нов поим - дијаспора, елиминираме една група, една маса од наши сонародници кои што не можат да се чувствуваат, да се учесници и припаѓаат на таа дијаспора. Дијаспората е, но во една полиспора.

Инаку информацијата не ја прифаќам што е доставена од Владата, бидејќи затоа што премногу се занимава со историски факти, наместо да

им препушти на нашите истражувачи и воведува еден нов термин во ната емиграција, тоа е националистичка идеја, заменувајќи ја идејата за патриотизам, што за мене претставува една фрагрантна политичка грешка.

Околу настапот на неколку досегашни дискутанти, парламентарци можам посебно да го истакнам првиот настап на господин Гештаковски кој ја спроведува грижата за иселеништво, тој се стави во улога да припаѓа на крајот кај што има голема група иселеништво, припаѓа на тој дел, но заборави да каже дека се чувствува и одговорен зошто од тој ист крај ден денес, сигурно има 40-50-тина години кои емигрираа и ден денес немаа право да се вратат. Фактички се прогонети од тој крај. Тоа се оние политички емигранти. Имав можност да се сретнам со неколку од нив од целата од околината во која што живее пратеникот Гештаковски, па би било добро и самиот да покрене иницијатива околу вистинската грижа за нашата емиграција.

XI/1/CJ/0M

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ**: (Продолжение)

Се зборува за некоја конфузија во главите на нашите иселе- ници, да не ги повторувам зборовите точно ќе биде инфузија во главите на нашите иселеници. Но, како нема да има конфузија кај натето иселеништво кога секој ден со лажно претставување на нашите пратеници или членови од нашата Влада учествуваат кој се организираат постојано од црквата или од разни организации од нашата емиграција имавме можност во последно време да го следиме настапот на еден член од Влада, не сакам да ги спомнувам имињата, кој учествувал во работата на црковната општина таму во Детроит веројатно, во Мичиген, во неколку наши цркви каде делбата е можеби најголема, во кој настапува како така наречен независен. Имавме можност пред неколку месеци еден наш пратеник како независен учествува на еден собир на нашата емиграција во Австралија, па со враќање овде преминува на оваа партија трансформирана партија . Имавме можност, и јас имав можност да присуствувам пред две години, пред година дена со други пратеници од Собранието , да се претставуваат членови на една партија со враќање во татковината преминуваат во независни, па потоа се трансформираат , преминуваат во друга партија, како ние нема да го лажеме тоа наше иселеништво. Ја немаме чистотата, ја немаме искреноста спрема нашите соработници или последен момент ја воведовте политиката во спортот, со нашите спортисти , јас како симпатизер на Вардар, место фудбалскиот клуб да се обрати до Парламентот и да бара присуство на неколку членови и од опозицијата испраќа само еден претставник во Австралија како спортски ентузијаст, љубител на фудбалот, но претставник на една партија.

Е, тоа се вистините и заблудите, уште еднаш можам да му кажам, и конфузиите во главите на нашите иселеници, ја повторувам реченицата

на господин Гештаковски. Сигурно тука еден од претставниците на Либералната партија спомнува вака "сомнително потекло", на некои членови на конгресот. Жалосно, да веќе вршиме една огромна делба кога ние се ставаме во улога да ги делиме по потекло македонците. Тоа го прави член кој е потписник на заклучокот што е понуден во Собранието. Не сакам имињата да ги спомнувам, тоа го имате .

Се спомнува дека патриотите се во нашите села. Само видете ги селата околу Прилеп, видете ги селата околу Скопје, видете ги селата околу Велес , па ќе видите кои се тие патриоти кој живеат сега. Кој се населени во тие села, да не зборуваме за Мариово.

Сигурно се спомнува тука за нови поделби. Новите поделби се тука, внатре во Македонија, во Република Македонија. Почнувајќи од спортот, гледаме настаните што се случија во културата, сведоци сме на се што се случува околу приредбите каде се е поделено околу партиската припадност. Ако претседателот на Републиката присуствува на некој концерт, дозволете, сигурно тогаш нема место за опозицијата и обратно, ако вчера присуствуваа нашите членови од парламент на некоја претстава на Охридско лето во Охрид нема место од позицијата. Тие се делбите и таа е реалната слика моментално во Македонија. Жалосно, сите сегменти се зафатени од вакви делби.

Нормално сега ќе се појават и делби околу одржувањето и на двата конгреса. Среќа сум поборник и сум против делбите, за тоа останувам до крај двата конгреса да се одржат, сметајќи и поддржувајќи ги двата конгреса бидејќи вложија напор не туку вака да се потценува улогата на еден пратеник или на еден друг не пратеник кој што е далеку од вистината за состојбите во Република Македонија. Затоа сум за двата конгреса, но под еден услов. Да се одржи и трет конгрес.

XI/3.-

Кој ќе биде тој трет конгрес? Сигурно, веројатно тој ќе биде еден вистински прав конгрес таканаречен трет конгрес, по мене, по мое видување конгрес за национален консензус на македонците во Република Македонија. Тоа е вистинскиот конгрес кој треба да се одржи после одржувањето на двата конгреса. Па, таму нека се расчистат сите недоразбирања што ги има и г-дин Тодор Петров и г-дин Џон Битов како организатори на двата конгреса.

Околу понудениот заклучок на двата предлагачи Славе Наумовски и Алил Џаферовски , две различни партии , сметам член 3 став 2 , ако треба ќе го прочитаме: "Собранието укажува на потребата надлежните државни органи , во рамките на своите надлежности да ги преземат сите неопходни мерки и активности аз спроведување на штетите и последиците" ве молам, со тоа сметам се отвара една нова војна , војна во која ќе ја пропириме, ако досега водевме една тешка пропаганда во бивша Југославија за нашата емиграција водејќи ја на една југословенска теза, сега ќе водиме една антимакедонска теза. Што значи? Ќе имаме добродојдени македонци и непожелни македонци во РМ. Не, од политичка гледна точка, од емиграциона поставеност, туку од пожелноста за присуство во Република Македонија.

Ако на едно мое прашање со мојот престој во Торонто бев прашан од нашата емиграција, што мислите со осамостојување на РМ, дали ќе имаме можност да меѓу нашите редови да присуствуваат некогашните удбаши одпратени од Белград. Жалосно тоа ќе го имаме сега со овој заклучок што ни го нудат сега пратениците, ќе имаме една удба, жалосно, треба да го користам истиот збор, испратени од Скопје, од Република Македонија. Затоа, додека е време се упатувам до двајцата предлагачи да го повлечат заклучокот.

XI/4.-

Тука се спомнати новинарите. Новинарите е кажано се пишуваат. Да, се пишува сигурно, но што ? Се прашувам. Имав можност да присуствувам, морам да ги повторам зборовите во Отава во Министерството за надворешни работи кога на една дискусија со претставник во Министерството за надворешни работи на Канада како сведок број еден за поделбата на македонците аргумент ми покажа "Нова Македонија" Жалосно тоа е една вистина. Што е поделбата и кој се тие аргументи изнесени од весникот "Нова Македонија". Прво, прво, територијалните претензии од страна на некоја партија, изнесено е тогаш најголемата партија ВМРО—ДПМНЕ. Територијалните претензии. Не значи територијалните претензии кон една соседна, кон југот, жалосно, туку алеанса кон една друга држава на исток. Тие се аргументи искажани како написи во "Нова Македонија".

Второ, други аргументи што имаат претензии да го делат, да пишуваат нашите и да им служат на другите држави т.е. сигурно не сакам сега сите новинари од "Нова Македонија" да не стават на тапет да кажувам тоа за сите, веројатно се работи за двајца тројца новинари кои се дежурни околу излагањето, написите, претензиите на некои партии во Република Македонија. Се оградувам од многуте чесни новинари во "Нова Македонија", но од двајца тројца новинари, сигурно самите ќе се прочитаат и ќе се идентификуваат ако ги погледнат написите од 1991 година и од 1992 почетокот.

Тука можат да констатирам дека самото министерство има податоци дека еден народ од тука припаѓа, на една друга држава, да не ги повторувам тие тези, од тоа што нон стоп се лепат етикети дека тие од ВМРО се бугари. Жалосно е тоа. Жалосно, треба да се каже од оваа говорница, жалосно треба да се констатира дека тие се написи изнесени од самата издавачка куќа "Нова Македонија". Не би сакал да Ви кажам,

XI/5.-

повторно да отворам фронт со новинарите од Нова Македонија, еден дел од новинарите, но тие се факти кои стојат во сите министерства веројатно и тие служат само на делби, а не на друго ништо.

Затоа, уште еднаш сакам да ја повторам тезата до крај, одржување на двата конгреса само под услов одржување на трет конгрес, на конгресот кој ќе ги соедини и ќе донесе платформа за меѓународен настап на сите партии, прво и прво се однесува дали тоа се работи за позицијата или опозицијата, настапот во РМ и настапот надвор од РМ. Тоа е единствен конгрес кој може да ги соедини интересите на македонскиот народ. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, уште господин Фаик Абди и ќе прекинеме, еднократно работиме, горештина е внатре и не можеме да работиме. Има пријавени за дискусија, а утре во 10,00 часот ќе продолжиме.

Има збор господин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници јас осеќам голема чест што денес зборувам за оваа материја, за одржувањето на светскиот македонски конгрес во главниот град на нашата држава Скопје и сум поборник за тоа овде да настане дискусија и добро е што дискутираме по оваа материја и ако некој од пратениците кажаа дека тоа е исклучиво право на поединци, на само македонците по ред, го гледам колегата од далеку, заради тоа што веројатно има бркови, а јас немам бркови или сум некој Дуња Гузел итн. меѓутоа, мислам дека ова работа е наша заедничка работа. Народот вели дека овие клупи се многу слатки , да се седи на пратеничко место, да се зборува од овде, уште послатко е да се седи тука кај што седи господинот претседател , а најслатко е тука

каде што му е местото на претседателот на Републиката и целата борба е и тука што се критикуваме е таа , овде за жал се искажаа многу контрадикторни работи, контрадикторни од партиската припадност. Значи контрадикторни работи од партиска припадност. Ако овде имаме една програма, статут и програма национална и едно мало дете да ги прочита овие две три работи ќе увиди дека овде има доста што е препишано од незнам каде од незнам кое време што сега се критикува многу и така натаму, па како се рече дека не требаше овде да се дискутира и да го оставиме тоа така да тече како што е напишано, тоа така нека оди на пример господинот Петров е автор на оваа програма национална, па се вели од прилика , Македонија, Македонија, секаде, можеби ненамерно е испуштен терминот Република Македонија, а можеби и намерно е испуштен терминот Република Македонија. Оваа држава се вика Република Македонија за што многу некои и Европската заедница и Светската заедница веднаш ќе помислат што е сега ова. Дали се мисли на она целосно име Македонија да си ја週ememe Пиринска, Егејска итн. и да биде една голема Македонија итн. Што тоа значи?, што би значело тоа и јас се прашувам што значи ова што не пишува Република Македонија.

Да ви кажам јас престојував во Австралија 19 месеци и таму ја видов картата во клубот на македонски голема карта и голема Македонија, убаво е сето, но ете судбината нибила таква и што да правиме сега. А, овде се заговара, јас овде го употребувам тој збор заговор за една работа. Помеѓу другото овде пишува предлагање и презема- к>е мерки и активности за обезбедување на територијалниот интегритет, суверенитет, самостојност и независност на Македонија. Ама, граѓанска асоцијација е ова, се поставува како држава. Ова многу нешто значи. Што е светот не знае што значи ова.

XI/7.-

Или пак на страна 4 во членот 9 последниот пасос вели "предлагаме механизми за одбрана и безбедност на Македонија" и други прашања итн. Што правите бре, што е ова? Што мислите, кај се наоѓате? Или во некој состав господата од дијспората ќе го употребам тој термин, тие се во дијаспората, убаво е да им сугерирате, да им сугерираме нашите деца таму да учат, не да работат по улици. Јас мината година бев на тој прв македонски конгрес на Џон Битов што го ценам многу, ме поканија, мислев и сите други луѓе се поканети, меѓутоа бев таму, па еден вели дека е голем бизнисмен, имал дуќанче, жена му , тој и некоја девојка таму му работеле. Бизнисмен па поубаво ќе биде да им кажеме децата да учат, да завршат јунивер зити како што викаат тие, да бидат во парламентите на тие земји, да бидат сенатори и така да се створи едно големо македонско лоби, да бидат добри бизнисмени, а не на јуниверзити туку има што знам јас таму патишта прави , и работи ноќе, а дење не смее таму да се работи на патишта. Тоа е култура. Мислам дека е подобро да си го спознаат јазикот, а не да го прашаат што му правиш бре го седам, Јас сум живеел таму и затоа ви кажувам и во градот Перт, еве господинот што е спомнат пред малку, докторот е спомнат дека преминал во друга партија и он беше на овој конгрес што се одржа , и јас имав покана ама не отидов. Па имаат и ромите една своја заедница, а викаме дека сите од тука потекнуваме, таму двете организации, асоцијации не ги сакаа ромите на конгресот, всушност една не сакаше, апа другите две рекоа ако ромите не дојдат и ние нема да дојдеме. Па заради тоа се согласија па отидоа и ромите.

Што сето тоа значи? Ние од овде ги примаме луѓето надвор. Ние од овдека треба да им кажеме дека ние сме заеднички, дека ние живееме во една заедница, дека треба да се бориме аз една заедничка

цел, за признавање на Република Македонија. Не е точно дека некој од овде оди таму и лаже како што нека ми прости професорот, незнам мислам дека е професор што вели дека некој од оваа страна бил па излажал таму. Јас имам видео касети, да не спомнувам сега личности кој кога оди во Австралија како ја претставува Македонија па по него друг како ја претставува, па трет како ја претставува. Тоа е самото Три различни личности од овој Парламент, три разни преставувања на РМ, така нема да постигнеме ништо, ама фактички ништо.

Јас мислам дека овој конгрес што треба да се одржи треба да ги отстрани овие елементи што ни нанесуваат штета на децата и на сите нас, на целото граѓанство на Република Македонија. Ако е тоа не пратиска, невладина итн. како може во неа да членуваат здруженија, културно уметнички, ѓаоли, врагови и партии да членуваат во неа.

XII/1. -JM/МЛ

**ФАИК АБДИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Зарем не знаеме што значи тоа? Ве молам, водете сметка ние овде дочекуваме разни делегации од цел свет и пак ќе ни доаѓаат заради нашиот прием, заради нашето име, заради нашето влегување во ЌЕБС ние кажуваме она што е, како што мислиме, ние кажуваме дека ова е Република Македонија, дека овде нема нерамноправност, дека и националностите и Македонците се она што треба да бидат. Меѓутоа, немојте со вакви, ова е пишан документ, ќе не осудат генерациите. И како сте смееле господа да погрешите во овој документ историски? Јас ќе ги повторам малку зборовите на господинот мој добар пријател, таму бркото, убавиот Петар Гошев. Јас ја знам мојата историја овде што сум ја учел на училиште, јас друга историја не познавам. Какво поврзување пред нашата ера, јас ен сакам да ве навредам со ова, се извинувам, вие што сте Македонци по род. Јас сум македонец, не ви признавам дека сте поголеми Македонци од мене. Јас сум по националност Ром, но јас сум Македонец, тука живеам. Како сте смееле вакво нешто да напишете. Дали нема да предизвикате револт сред историчарите, сред писмените луѓе од цел свет, да ги бодете во очи со ова и да навлечете омраза врз себе. Ќе навлечеме омраза врз себе. Мислам дека ова е срамно дело, тоа што пишува историски кобајаги. Каква е таа историја? Каде сте ја виделе таа историја? Никаде. Историја ко- ја не постои. Немојте така да се однесувате. Ние сме држава која се градиме себеси. Ние сакаме да се тргнеме од она старото а ако тоа старото не било, тогаш немаше да постои ова денешново. И во тој континуитет историски како сте можеле вие како автори на овој материјал да го заобиколите Второто заседание на АВНОЈ, АСНОМ да го заобиколите, темелот на државата створена тогаш, како тоа да е заобиколено? Па тогаш се створила Република Македонија. Значи сакам да речам дека треба за ваков материјал, за еден ваков конгрес да сте и великодушни, а и далекосежни, да знаете

секој еден збор и запирката колку вреди, колкава и е тежината, а не огромни реченици и припрема за ова, или за она. Добро е човек да си има национална гордост, национално чувство, меѓутоа националната гордост и националното чувство во никој случај нема да допринесе да се сочува националниот идентитет, субјективитет и индивидуалитет, не вака, туку со други работи кои што треба да ги спроведеме во овој Парламент и никако само критики и дека оваа страна вреди, онаа другата страна не вреди. Секој човек греши. Кога ќе дојдете на власт господо, тогаш ќе види- ме како ќе биде, меѓутоа засега колку што јас гледам граѓаните не се против нас, граѓаните не се против Парламентот, граѓаните не осудуваат што вака разговараме овде, што вака се критикуваме и што сакаме да создадеме револт во околината. Овој материјал да знаете ќе создаде револт во околината и во Бугарија и во Грција и во другото соседство. Овде се пишани невистини, историски невистини.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, престануваме со работа сега, ја прекинувам седницата. Ќе продолжиме утре со почеток во 10 часот. Ве молам, на време да дојдете за да го искористиме поладниот дел од денот да работиме.

(Седницата прекина во 16,40 часот).